АК47 Е НЕШТО ПОВЕЌЕ ОД ПАНК ГРУПА...НЕШТО ПОВЕЌЕ ОД ИМЕ НА СМРТОНОСНО ОРУЖЈЕ!АК47 Е ДИРЕКТНА АКЦИЈА...БОРБА ЗА СЛОБОДА!!!НА МОИТЕ ПРАШАЊА ОДГОВАРАШЕ ФИСТРА,ВОКАЛОТ НА АК47!!!БОООРБААА!!!

МОЖЕШ ЛИ ДА СИ ОБЈАСНИШ ЗОШТО СИ ТОА ШТО СИ ДЕНЕС,А НЕ НА ПРИМЕР БАНКАР,ПОП ГИТАРИСТ,ПОЛИЦАЕЦ,ПАПА...?

Воглавно,се започна со вљубеноста во панкот,и тоа во оној негов лош дел,облекување,пиење, Exploited,и многу,многу хаос за со текот на годините и растењето се да се искристализира во нешто многу попозитивно кое што има вистинска цел и многу повеќе смисол.Тука негде јас се најдов во тоа,се разбира со еден куп на добри и искрени пријатели со кои што пробуваме,но и успеваме да не бидеме дел од ебената плитка маса,туку одлучно буткаме по свое.Денес тука имаме поголем круг на луѓе кој постојано се шири,пријателство,љубов,идеали,борба и незапирливата револуција...а од тоа не се откажуваме.



ЗОШТО ТОКМУ ИМЕТО АК47?

Најчесто на Балканот,а и во целиот свет има големи предрасуди околу оружјето,и луѓето се згрозуваат..оружјето ова,оружјето она,но добро знаат а не сакаат да си признаат дека оружјето не пука само и не е главниот виновник за војна.Главната улога сепак ја игра човекот,човекот е тој што убива а не машината или оружјето.Сакавме да свртиме внимание на тоа бидејќи очекувавме прашања од типот,зошто баш АК47,па не ли тоа милитантно име...?Милитаризмот не се изразува преку маскирните панталони и оружјето,туку преку тоа што е во главите на луѓето кои што го гурзат и низ политиката и низ јавното мнение...се со цел да создадат плодна почва за создавање на судири.

ГО ОПРАВДУВАШ ЛИ НАСИЛСТВОТО ВО АНАРХИЗМОТ?МИСЛИШ ЛИ ДЕКА СО НАСИЛСТВО НЕШТО МОЖЕ ДА СЕ ПРОМЕНИ НА ПОДОБРО?

Што значи оправдано насилство? Јас тоа го делам малку поинаку, т.е на насилство кое што е насочено на објекти,т.е. на нешто што не е од жива природа,како што Дадо би рекол,на приватната сопственост,и насилство со напад или пак со нанесување на физичка и духовна штета на физички личности.И каде би требало тука да биде границата не би се осмелил да кажам бидејќи мислам дека тоа зависи од пример до пример.Во Џенова имаше позитивно насилство,значи секако и оправдано бидејќи насилството со позитивна цел против полицијата и приватната сопственост на мултинационалните компании

# CRNO CRVENE BRIGADE




Мислам дека после убиството во Ценова требаше да се направи многу поголема одмазда затоа што мислам дека животот е повреден од било кој имот или капитал,а да не се искористи таков момент за да се зададе удар на капитализмот е вистинска штета затоа што тие во вакви ситуации смеат да си ги зголемат своите овластувања во сузбивањето на се поголемата желба за промени,а што се однесува до нападите на луѓе тука доаѓа само до контакт со полицијата и со насилничката десница затоа што тие се единствените групи на луѓе кои што се служат со насилство за да ги пробијат сопствените идеи.Тие луѓе постојано насилно ги гураат своите идеи на многубројните ништожници и шљам кои што прифаќаат лажни вредности на измисленото човеково друштво создадено со лакомост и со крвта на недолжните кои само поради тоа што се мораат да умрат во најтешки маки. Вечно NO PASARAN!!!

ДАЛИ НЕКОЈ ОД ВАС БЕШЕ НА АНТИ-ГЛОБАЛИЗАЦИСКИТЕ ПРОТЕСТИ ВО ЏЕНОВА?КОЈ Е ВАШИОТ СТАВ ВО ВРСКА СО АНТИ-ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА?

Голем број на луѓе беше на анти Г8 демонстрациите во Џенова,а има и мала група на луѓе кои што се постојани учесници на поблиските анти-глобализациски протести,Љубљана,Џенова,Давос, Прага... Мислам дека антиглобализацијата би требало да биде составен дел на анархистичката борба и настојувања,и во рамкина антиглобализациските демонстрации треба да се бара простор за анархистичката идеја како логична алтернатива кога се одбива една замисла на која што целта и е здобивање на капитал и на ефтина работна сила,но се разбира дека тука проблемот е поголем од овие две работи кои што ги набројав.Црниот блок покажа дека може да се создаде самоодржлива заштитарска служба која што ќе ги штити демонстрациите од апсења и тоа со сосем Нон-профит принципи,значи цело време се покажува една голема интернационала што всушност е феноменално и повеќе не делува утописки туку тоа вистински се случува но сепак се појавува проблем бидејќи е тешко квалитетно и правовремено да се насочи,како тоа би било поефикасно,но праксата е ѓаволски тешка работа,полесно е да се критизира,нели?!

ИМАШ ИЗДАВАЧКА ЕТИКЕТА И ДИСТРИБУЦИЈА.КАЖИ МИ НЕШТО ЗА ТОА!

Секогаш на почетокот сакам да истакнам дека се работи за "Направи сам" пристап на работите, пристапот на целата идеја на издаваштвото и дистрибуцијата е со цел да се прогура анархизмот и да се создадат финансии за директни акции кои што се најбитниот дел во целата приказна. Воглавно нашата работа се сведува на печатење на пришивки, маици,касети,винили,шиење на знамиња и организирање на концерти.Позади себе имаме 21 самоиздадени касети,наскоро и 2 винили,еден куп на пришивки и маици,преводи и фанзинот БОРБА. Класична работа за да се одржи нешто многу поконструктивно,и за да се создаде проток на идеи и на информации.Добредојдени се сите оние кои што имаат здрави намери.На пример,пред неколку недели ја завршивме касетата СОДН. ДЕН/АКТИВНА ПРОПАГАНДА,а со неа отштампавме и маици и со тоа се солидализиравме со нивната работа која што тие работејќи ја на своите простори ја надминуваат оддалеченоста и грдите граници. Така да ова не зближи што пов-

торно само ја унапредува идејата...воглавно тоа и беа целите кои што си ги зададовме.

**МИСЛИШ ЛИ ДЕКА ЛУЃЕТО ОД СЦЕНАТА БИ ТРЕБАЛО ДА ПРИФАТАТ ПОМОШ ОД НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ (ОД ТИПОТ НА СОРОС)ДОКОЛКУ ТОА БИ ПОМОГНАЛО ВО РЕШАВАЊЕТО НА НЕКОИ РАБОТИ ПОВРЗАНИ СО СЦЕНАТА?**

Се сеќавам на раните 90-ти кога во екот на војната се појави идеја која што доаѓаше од тоталната алтернатива и беше тотален контраст од јавното мнение кое што го наметнуваше националистичката држава. Се работи за идејата која што се викаше "ПРЕКУ ЅИДОВИТЕ НА НАЦИОНАЛИЗМОТ И ВОЈНАТА". Тоа беше генијална идеја која што едноставно мораше да се реализира, но без финансии тоа не можеше да се направи. Анархистичкото движење беше премногу слабо за да обезбеди финансии така да СОРОС беше единствена солуција која што јас ја сметам за оправдана бидејќи сметам дека тоа тогаш ја надминуваше потребата за бојкотирање на СОРОС. Мислам дека тој(Сорос) не треба да биде во сите сегменти на нашата организација. Не само тој туку и сите рекламери на приватната сопственост како што е државата, приватните фирми,!!! Треба да се работат самоодрживи проекти кои што после одреден период ќе станат профитабилни на некој начин.

**КАКОВ Е ТВОЈОТ СТАВ ВО ВРСКА СО ДРОГИТЕ(Алкохолот,цигарите,опијатите?)**















Јас лично кога сум во добро друштво пушам трева бидејќи тоа за мене е вистинска работа за размрдување и вистинско опуштање бидејќи тогаш мозокот ми работи како луд,идеите ми доаѓаат и доаѓаат,зборувам како машина,доаѓа до интересни разговори,барем во мојот случај.Останатото што го наброја не ме интересира.Другите конзумираат алкохол и цигари.(Веројатно тука Истра мисли на момците од бендот).

**КАКВА Е МОМЕНТАЛНАТА СОСТОЈБА НА ХРВАТСКАТА НС (Андерграунд)СЦЕНА?ШТО СЕ СЛУЧУВА ВО ЗАГРЕБ?**

Го знаеш она...Ако сакаш сцена,тогаш треба сам да ја создадеш.Е па тоа конечно дојде од газот во главата и луѓето се фатија за работа,така да денес може да се зборува за сцена.Постојат многу вредни луѓе, поврзаноста помеѓу нив и протокот на информации се на солидно ниво, алтернативни простори има во Кутина,Загреб(повеќе),Задар,Сплит,Пула, Пазин,Лабин,истарскиот дел на Хрватска е многу полиберален и таму климата за создавање на социјалнозабавни центри е многу подобра поради политиката која што ја спроведуваат истарските политичари,а во уште многу други градови,вллучувајќи ги и овие кои што веќе ги споменав постојат разно разни здруженија и организации кои што имаат свои програми,тука се и бендовите,дистрибуциите,издавачите,постојат неколку фестивали кои што

се одржуваат веќе неколку години и имаат целодневна програма, на пример "МОНТЕ ПАРАДИЗО" кој што е најпознат надвор од Хрватска, потоа "ОРГАНИЗИРАНИ ХАОС" во Кутина, фестивалот во Шибеник ...Последните фестивали т.е. собири на луѓе како крај на програмата имаа директни акции кои што беа успешно изведени и навистина имаше голем број на луѓе, но сепак има хроничен недостаток на луѓе кои што би заставале позади некоја акција/идеја значи нема баш некоја голема заинтересираност за политички ангажман и поддршка на акциите кои што поради тоа се одвиваат. Има луѓе, но никако да се мрднат. Што се однесува до Загреб, има многу добри и искрени бендови, имаме одлични фанзини...тука ги вклучувам и луѓето кои што не се од Загреб но тука живеат, работат и се образуваат. На крајот на краевите ја имаме "МОЧВАРА" која што повеќе е свртена кон мултикултурата и кон програмите кои што носат пари и забава. Тука под пари не мислам на профитерство на некои луѓе, туку едноставно нивната програма е насочена во тој правец. Тука е и "АТАК" кој што има политичка позадина, а програмата која што таму се работи има за цел од "АТАК" да направи самоодржлив проект кој што би им дал простор за изразување на луѓето. Има еден куп на проблеми затоа што не може да се изврши успешно сквотирање, така да просторот зависи од градот кој што пак е скептичен кон некого што има политичка позадина и кој што работи на нејзиното унапредување. Тоа е исто како да бараш од некого да ти купи палка, па после со неа го удираш по глава, и така во круг, многу влечење за ракав, молење...Макар што постои струја во "АТАК" кошто е радикална и сака малку да се прегрупира и да го изгура тоа но наидува на неразбирање. Мислам дека таа струја е единственото решение во морето на проблеми во кои што се давиме како "АТАК". Но сигурно е дека токму "АТАК" сноси голема заслуга за овој развој и за ширењето на идејата!

Заборави дека си роден!



**УЧЕСТВУВАТЕ ЛИ ВО ДИРЕКТНИ АКЦИИ?МИСЛИШ ЛИ ДЕКА ЛУЃЕТО ОД СЦЕНАТА СЕ ДОВОЛНО АНГАЖИРАНИ НА ТОА ПОЛЕ?**

Токму за тоа ти пишував во минатото прашање.Луѓето се заинтересирани за информации,анархистичката литература се продава одлично,но директните акции за кои што е потребна маса пропаѓаат или пак немаат никаков одраз токму поради недостатокот на маса.Како да се поттикнат луѓето не знам,јас лично многу размислувам за тоа и зборувам со луѓето,меѓутоа на тоа останува! Дефинитивно бројот на луѓето се зголемува,меѓутоа преспоро.Се разбира дека не е се така црно.Се работи доста на полето на директните акции,меѓутоа зошто ако може да не направиме повеќе!?На пример бенефит касетата за анархистички акции се продаде во 200 примероци.Значи,200 луѓе со пари го подржале тоа,но во пракса тоа е поинаку така да имавме стотина луѓе кои што ги подржаа демонстрациите во Прага.Малку,што да ти кажам,кога и самиот не разбирам????Но има и прекрасни луѓе кои што се трансформираат во групи и работат,одат на антиглобализациски протести надвор од Хрватска,но тоа е друга приказна затоа што тие луѓе сакаат анонимност затоа што тоа го прават поради идејата,а не за да се истакнат себеси ,така да во поедини моменти може да се отиде далеку така да е потребна доверба,анонимност за сите учесници за да од наша страна се си продилжи без проблеми а и добро скриено од државните полициски кучиња кои што стојат на првата линија на одбраната на државата во класната војна.
















**ДАЛИ СИ ВЕГЕТЕРИЈАНЕЦ/ВЕГАН?ЗОШТО/ЗОШТО НЕ?**

Вегетеријанец сум како и сите во бендот,а можам да ти кажам дека и поголемиот дел од нашето друштво ја практикува вегетеријанската исхрана.Јас лично одбивам да јадам месо затоа што за секој залак месо мораме да убиваме и така развиваме нагон кој ни говори за некаква супериорност над животните што всушност ми е смешно затоа што денес може сите да се прехраниме и без да убиваме.Без некој да биде одгедуван,убиен и мачен се со една цел, да биде изеден.Тоа ми е некако на прво место,неконзумирањето на месо и избегнувањето на производите кои што содржат месо затоа што со нивното конзумирање го поттикнуваш понатамошното колење!Други тоа го развија во здрава исхрана и во одбивање на секаква експлоатација над животните.

**НЕ ЗАПАДНА ЛИ АНАРХО/НС ПАНК ДВИЖЕЊЕТО ВО НЕКОИ КЛИШЕА ПРОТИВ КОИ ШТО СЕ БОРЕШЕ?НА ПРИМЕР,ЗАТВОРЕНОСТА ЗА ЛУЃЕТО КОИ ШТО НЕ СЕ ОД СЦЕНАТА!**

Не знам,мислам дека тој проблем не можеме да го гледаме низ сцената затоа што таа дефинитивно не е затворена бидејќи во нејзините работи не се вклучени само панкери.Барем јас така би рекол за нашата,ајде така да ја наречам СЦЕНА.Мислам дека ние ги надраснавме приказните за па-

Фанзин за луѓе кои што-не-им викаат"Добар ден"на лошите чичковци и тетки!

нкот како надинтелегентен простор. Овде луѓето не се гледаат како панкери, овие, оние туку луѓето сфатија дека е важно да се создаде простор за изразување кој што треба да биде отворен за секакви мислења а не да биде гето, затоа што бунтот доаѓа од театарот, хип-хопот, жонглирањето а тоа се само неколку примери на кои што се сетив! На пример во Виена во ЕКХ сквотот еднаш неделно еден дел од просторот го користат фолклорни секции од разни емигрантски здруженија, значи тука е и работата со емигрантите како еден од најголемите проблеми на денешницата што значи дека не можеме да зборуваме за некаква затвореност. Можеби тоа постои во помалите средини каде што панкот е во рамките на ЕКСПЛОЈТЕД, па затоа луѓето и се затворени за средината. Искреното панк движење со нагласок на анархистичкото друштво не смее да биде затворено, туку поради сопствениот напредок мора да биде отворено и самокритично. За мене поголем проблем е рангирањето на луѓето т.е. скапаниот однос на луѓето кои што ми се обраќаат со вие затоа што мислат дека сум некој и нешто, или пак следењето на некој кој што е малку поистакнат, тука не мислам на промисленост дури и на лобирањето на одреден дел на луѓето. Потоа неискреноста која што се случи за време на траењето на Г8 самитот во Ценова каде што голем дел од учесниците јавно се оградува од насилството а го подржува на теренот, па тоа се пренесе и на локално ниво




а потоа кога и не сакаа да им противречат на поголемите и постарите панкери??? бидејќи тие се како некаква граница или `ко божемски мора да се знае за некаков ред?! Или пак уште подобро пред неколку недели кога АФА работеше проглас за КБО! во врска со нивното учество на НБЦ фестивалот. Кој ја знае приказната за КБО! знае за што се работи, а луѓето викаа дека не е време за решавање на националистички работи сега, т.е. национализмот на оцената. Да го ебам таквиот панк! Мене панкот не ми е шоу за гурање на егото туку многу повеќе од тоа. Тоа мора да биде конструктивна работа и тука не постојат клишеа и затвореност, туку само конструктивна борба.

ДАЛИ ХОМОСАПИЕНСИТЕ ЌЕ ГО ПРЕКИНАТ МЕЃУСЕБНОТО УБИВАЊЕ ПОРАДИ РАЗНО-РАЗНИ ИДЕОЛОГИИ, РЕЛИГИИ.. И МИСЛИШ ЛИ ДЕКА МОЖЕ ДА СЕ СПРЕЧИ НЕМИНОВНАТА ЕКО КАТАСТРОФА?(КАТАКЛИЗМА!)

Додека луѓето се одгледуваат под покровителството на државата и традицијата ќе има војни, убивања, супериорни и помалку супериорни нации. Додека светот се базира на тие принципи ќе има и освојувачки идеи со кои што доаѓа војната, а денеска тоа модерно се нарекува ЗАШТИТА НА ДРЖАВНИТЕ ИНТЕРЕСИ. И додека имаш мнозинство кое што мисли дека заедно со владата ги брани тие интереси, ќе имаш и маса која што може секој народ да го одвлече во војска, војна, а за тоа цело време нашиот вистински непријател ќе ни биде зад грб како и што беше за време за же-

стоките воени разурнувања на Балканот,но и во случајот на воените ужаси кои што се на релацијата на спротиставување на тероризмот.Што се однесува до еко-катаклизмата таа полека не коле,но ние самите тоа не го доживуваме сериозно...мислам на природата како закана.Доказите за тоа се во однесувањето на Америка во врска со Кјото спораузмот...

ШТО Е ЗА ТЕБЕ СЛОБОДАТА?МИСЛИШ ЛИ ДЕКА СИ СЛОБОДЕН?

Мојата слобода лежи во слободата на другите,и обратно.Што се однесува до нивото на слободата која што ја имам таа варира од момент до момент т.е. ситуација,така да постојат денови кога се чувствувам слаб,застанат и смирен од законите.Лошо е чувството кога чувствуваш дека си слаб,кога си до границата од која што не се оди понатаму.Дури тогаш гледаш што во некој друг пример значи твојата слобода која што тогаш ја остваруваш и чувствуваш.Не треба да спомнувам дека постојат луѓе кои што се во многу полоша ситуација,како на пример жените во талибанските заедници.Што се однесува до мојата лична слобода не можам да кажам дека не сум задоволен затоа што таа зависи од ситуација до ситуација,така да некогаш ти оди,а некогаш се распаѓа се.Треба да се БОРИШ!!!

Фистра

KLASNIRAT@INET.HR


# CATALOGO *BAD MAN* 99-01














- **BM-10 APR 01 - MARCELLO & the MACHINE LP/CD - 222/1000 copies - LP w/ 1 unrealeased bonus track + poster** – if you want blues... shuffle delta blues dal sapore vecchio, cercatevi le recensioni sulle migliori fanzine, Hit List bla bla bla. Not for SQUARE people. Get the Vinyl, 222 copies on a 220g piece of wax! Get the vinyl for a bonus track! Get vinyl to get a free poster! Get the vinyl to hear it better.
- **BM-09 MAY 01 - the KLING-ONS 7"ep - ??? - 500 copies - !!!UPCOMING!!!** – pop punk in the vein of the Screaching Weasel, with some Social Distortion influences. Available from may,15,2001
- **BM-07 OCT 00 - GRABBIES LP - hate delirium fucks my brain - 500 copies** – punk as hate, most hatred record and band ever, in Italy. Punk among the Dwarves, Circle Jerks, Germs fast, loud, dirty as hell, absolutly best hate-punk record around.
- **BM-06 OCT 00 - HOT ROD HONEYS 7"ep - adios - 666 copies (600 on red vinyl, 66 on brown!)** – belgian punk rock band, the only foreigner in the BAD MAN house! Think about the Ramones, fatser and little bit dirtier. One cover of Buck Owens, double fuckin' yeah!
- **BM-04 MAR 00 - HIROSHIMA ATOM SURFERS 7"ep - hanging ten in pearl harbour - 500 copies – LAST 35 COPIES AVAILABLE** – punk'n'roll, debut 7"ep, 4 tracks. Now they're gonna change their name into THEE ATOMSMASHERS... the Atom is the Atom. Next 7" on Rip Off.
- **BM-03 MAR 00 - DANGEROUS CHICKENS 7"ep - dangerous chickens - 500 copies** – TRASH BLUES ROCK'N'ROLL, mix Ramones and AC/DC and make it played by Lightnin' Beat-Man! Debut
- **BM-02 JUN 99 - RAY DAYTONA & the GOOGOOBOMBOS 7"ep - real blackking - 1000 copies** – sixties garage, 3 wonderful tracks, great recordings, 2 originals and a Cosmic Dropouts cover, nice 60s sleeve. If you love garage, you can't miss it!!!!!!!!!
- **BM-01 APR 99 - MARCELLO & the MACHINE 7" - chainsaw & brokenheart - 500 numbered copies – LAST 20 AVAILABLE** – debut for Bad Man records, a couple songs from italian unknwon underground best blues-man around, absolutly amazing shuffle delta blues.

**UPCOMING STUFF – summer 2001**
**kling-ons 7"ep / el tabarez 10" / bigots LP-CD??**

**Lotsa punk/garage/wild stuff – underground – !!!ALIEN SNATCH, european top r'n'r etiquette!!!**

**!!!Get in touch for free catalogue!!!**

**BAD MAN RECORDS – via Roma 88 – 15040 – Castelletto Monferrato (AL) – ITALY – tel/fax ++39/(0)131/237950 – e-mail: gregthehead@libero.it - www.badman.it**

# МИРОВНА АКЦИЈА

Убедени сме дека војните ќе престанат само тогаш кога луѓето ќе одбијат да земат оружје во своите раце.Го одбиваме оружјето како симбол на уништувањето и мизеријата.Како симбол на опресијата и патријахатот.Војните и милитаризмот воопшто,го изнесуваат на површина најлошото од човекот,величејќи ги авторитетот и послушноста како централна вредност.На оваа униформираност ние и се спротиставуваме поединецот кој има неприкосновено право да застане во одбрана на своите лични убедувања.




Народот ги загуби сите војни во историјата.Единствени добитници/чки секогаш биле и сеуште се промоторите/ките на милитаризмот и нивните ортаци/чки-производителите/ките и трговците/ките на оружје.Како антимилитаристи/ки,ние им даваме целосна поддршка на сите приговарачи/чки на совеста,било да се тие идеолошки или религиозни приговарачи/ки,иако,природно се сметаме себеси поблиски до првите.

Постоењето на правото на приговор на совеста и достоинствениот третман на приговарачите/ките на совеста ги сметаме за значајна придобивка во борбата против милитаризмот,но никако и за крајна цел.Можеби ги гледаме повеќе како,средства.

Уште повеќе и поради разумните аргументи на тоталните приговарачи/ки.Изворите на милитаризмот ги гледаме во експлоатацијата и патријахатот,па и борбата против него опфаќа поширок спектар на дејности.Се чувствуваме природно блиски до повеќе маргинализирани групи кои се под удар на некој од аспектите на милитаризмот,исклучителноста или беспоговорноста на авторитетот;и до групите или поединците/ките кои се борат против нив.Да се биде пацифист/ка не значи да се биде пасивен/на.

Сакаме на насилството и опресијата да им се спротиставиме со разум и ненасилна директна акција.Набљудувајќи немо од страна само дозволуваме најгласните да одлучуваат во наше име и на наша штета.

Сериозно ќе се обидеме нашето мислење-самите да си го искажеме!!! Септември 2001




Ова е манифестот на групата за мировна акција!Доколку ставовите искажани во овој манифест ги сметате за слични на своите,тогаш потрудете се да ја подржите МИРОВНАТА АКЦИЈА со вашето лично залагање!Запомнете дека мирот нема никој да ви го донесе доколку самите не се БОРИТЕ за него!!!Мир,сестри и браќа!!!

# nabla

D.I.Y.

underground

СЕ СЕЌАВАТЕ ЛИ НА ЛЕГЕНДАРНИОТ ФАНЗИН "OOPS" ОД СМЕДЕРЕВСКА ПАЛАНКА?НА МОИТЕ ПРАШАЊА ВО CHAN-DOO ОДГОВАРАШЕ МАЧАК,УРЕДНИКОТ НА ЛЕГЕНДАРНИОТ ФАНЗИН, А ВОЕДНО И ПЕЈАЧОТ НА СЕУШТЕ НЕЛЕГЕНДАРНИОТ БЕНД NABLA-

ПОЧНУВАМЕ СО ТЕЖОК СТЕРЕОТИП, ЗНАЕШ ВЕЌЕ,ОНА ВООБИЧАЕНОТО... ПОЧЕТОЦИ,ИСКУСТВА...?

На кого?На бендот или моите?

И ДВЕТЕ!

Па,тоа беше многу одамна.Дури во основно.Тогаш еден мој другар,воедно и комшија стана панкер,додека во тоа време јас сеуште бев глупав металец.Тоа лето и бев на одмор со една екипа од друго основно училиште во која што сите беа панкери, така да тоа лето беше пресудно. Тоа беше некаде "89/90.Истотака имав среќа што тогаш во См. Паланка постоеше легендарниот клуб КМ64 во кој што тогаш редовно се одржуваа HC/панк свирки,така да како мал можев да ги гледам сега веќе легендарните групи:KUD IDIJOTI,MOTUS vita est,MESSERSHMITS...После тоа се сретнав со фанзините,па после неколкугодишно живно читање решив во 1994 и самиот да почнам да правам еден.Со тоа одеа и бендовите кои што беа од локален карактер и најчесто не доживуваа повеќе од една свирка.Во 1995 од чиста заебанција ги направивме UDRI ME DO ŠABAJLE кои што иако имаа само една свирка во своето постоење наидоа на широк прием меѓу српските фанзинаши така да се појавивме во еден куп фанзини. При крајот на 1998 настана мојата сегашна група NABLA.

ТОГАШ,ЗБОРУВАЈ МИ ЗА NABLA.КОЛКУ ЧЕСТО СВИРИТЕ,ШТО СТЕ ИЗДАЛЕ ДО СЕГА......?

Покрај тоа што ја издадовме нашата земја и нејзините идеали, ха,ха...ха,ха,ха...нашите стари демо снимки од "99 ги издадовме на касета и диск.Тој материјал сега звучи многу побрзо и поенергично.Свириме затоа што сакаме да имаме бенд кој што свири брзо и кратко и е тотално посветен на D.I.Y. идеологијата!

ЗАТОА ИМАТЕ И ТАКВИ ТЕКСТОВИ? ЗА ШТО ПЕЕТЕ ВО НИВ?

Нас многумина не карактеризираат како анархистички бенд, иако ние имаме повеќе некоја лична политика во текстовите. Тие се повеќе за тоа дека човекот прво треба да погледне во себе и потоа да се промени на подобро.Ние веруваме во индивидуални промени!!!

ЗБОРУВАШЕ НА ТРИБИНАТА ЗА ПРИГОВОР НА СОВЕСТА.КОИ СЕ ТВОИТЕ И БЕНДОВСКИТЕ АКТИВНОСТИ ОКОЛУ ТАА АКЦИЈА?

Ние ја имаме песната "Цивил за увек" што значи дека како бенд сме против војната.Таа песна ја свиревме постојано на концертите кои што беа во склоп на акцијата за собирање на потписи за приговорот на совеста Сепак,во бендот само јас сум активен,освен можеби Томке кој што се активира од време на време.Во таа антимилитаристичка мрежа јас влегов уште во "95,со тоа што правев некоја пауза поради моето студирање, но еве сега повторно се враќам во таа приказна.

ВО ТВОЈОТ ФАНЗИН (А И ВО ПОСЛЕДНИОТ БРОЈ НА "ПРИГОВОР")ПОСТОЈАНО ИМАШЕ ВЕГЕТЕРИЈАНСКИ РЕЦЕПТИ.ТИ ЗНАЧАТ ЛИ ТИЕ РЕЦЕПТИ МНОГУ ВО КОНТЕКСТ НА ПРОМОВИРАЊЕ НА ВЕГЕТЕРИЈАНСТВОТО НА ОВИЕ ПРОСТОРИ?

PREUZMI ODGOVORNOST : Strah od prihvatanja istine da se živi u lažima nemogućnost prihvatanja promena i podržavanje već postojećeg odsustvo odgovornosti kreira zlo sistem zasnovan na lažima ne može večno opstajati, ali sve promene započinju prvo u nama samima.Preuzmi odgovornost za svoje postupke.

Пораке ми значеа многу повеќе. Кога денес ме прашуваат зошто сум вегетеријанец, јас им одговарам: "Од навика!" Не јадам месо 7+8 години така да тоа ми стана секојдневие. А инаку рецептите не се мои, туку секогаш ги препишував, ха, ха, ха....!!! Се разбира дека во новиот број на OOPS ќе има вегетеријански рецепти, исто како и во "Приговор" иако таму сум поканет!

ДО КАДЕ СИ СО НОВИОТ БРОЈ НА ТВОЈОТ ФАНЗИН "OOPS"?

Се надевам дека ќе биде готов до 15-ти Декември за да можам да го однесам на моето патување во Хрватска. До сега имам средено 15-тина страници со колумни и интервјуа. Интервјуто со TRAGEDY треба да го извадам од касета иако не знам како ќе го направам тоа затоа што ништо не го разбирам човекот, ха, ха... ха, ха, ха... чекам одговор од Стив од RIPPING THRASH фанзинот. Ќе има и интервју со луксембуржаните PETROGRAD, HERO DISCONEST од Финска кои што набрзо се вратија од турнеја... потоа ќе има интервју со COALITION records.

ДАЛИ ГИ ПРАТЕШЕ АНТИ-ГЛОБАЛИЗАЦИСКИТЕ ПРОТЕСТИ? ШТО МИСЛИШ, КАКО ЌЕ ВЛИЈАЕ ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА ВРЗ СОСТОЈБИТЕ НА БАЛКАНОТ?

Ги следев, но не нешто премногу интензивно... онака преку ТВ. Сега откако имам компјутер ќе го следам тоа повеќе. Ја поржувам таа акција, меѓутоа се сомневам дека протестите можат да променат нешто. Што се однесува до луѓето овде кои што после распадот на комунизмот речиси сите се свртеа кон капитализмот, мислам дека кај нив не палат анти глобализациските приказни затоа што тие сакаат да бидат капиталисти и да живеат како луѓето на запад, мада тоа никогаш нема да се случи.

ВО СРЕДИНАТА НА "90-тите српската "Направи сам" сцена беше прилично жива! Каква е сегашната ситуација на сцената?

Па, да! И мене ми се чини дека во "95/96 имаше еден куп фанзини, бендови, дистрибуции... па, и свирки. На пример тогаш ние го правевме "Кад би..." фестивалот. Со бомбардирањето сето тоа замре, што е и сосем логично. Сега тоа повторно се враќа со новите клинци кои што не работат повеќе од 2-3 години, додека пак ретко која стара фаца е активна. Клинците повторно ги прават старите грешки со истиот дизајн, материјал... но, на пример сега D.I.Y.






прикажната е раширена и низ Белград и низ другите поголеми градови за разлика од порано кога тоа го имаше само во внатрешноста. Мислам дека развитокот на сцената сепак е поврзан со економската ситуација, така да џабе ти е ентузијазам и желба ако на пример немаш да издвоиш 20 марки за плоча.

КОИ СЕ МОМЕНТАЛНИТЕ АКТИВНОСТИ НА ТВОЈОТ БЕНД?

Како прво, да го купиме појачалото од Сиќко и полека-полека да си ја средиме опремата за конечно да ги довршиме песните за новиот албум. Имавме проблеми и со војската, образованието, работата...но сепак и покрај тоа цел ни е да продолжиме со што повеќе свирки...евентуално и нешто надвор од Србија!

UPOZNAJ SEBE : Više ne znam koliko traje ova borba sa samim sobom i traganje za svetlom u sobi zvanoj stvarnost. Zaroni toliko duboko da dotakneš dno svoje duše, jer samo ako upoznaš sebe moći ćeš da razumeš i druge.

ПОКРАЈ БЕНДОТ И ФАНЗИНОТ ТИ РАБОТИШ И КАКО ПРОФЕСОР ВО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ!!!ДАЛИ ТЕ ПРЕПОЗНАВААТ АНДЕРГРАУНД КЛИНЦИТЕ, И КАКО ЈА УСОГЛАСУВАШ РАБОТАТА СО СЦЕНСКИТЕ АКТИВНОСТИ?

Понекогаш ми е навистина чудно на клинците кои што ги гледам низ град и ми доаѓаат на свирки да им се правам некој професор...авторитет. Минатата година, кога почнав да работам и немаше многу андерграунд клинци, освен неколку металци кои што знаеја дека јас нешто пеам во некој бенд, меѓутоа никогаш не немаа слушнато. Во денешнава генерација има неколкумина кои што дури и ми побараа наш диск, и јас им дадов! Се обидувам да имам неформален пристап кон учениците...да не им изигрувам некој лош авторитет, демек јас сум лошиот професор а вие сте учениците кои што ќе правите како што јас ќе ви кажам. Со учениците имам пријателски однос, иако тоа понекогаш знае да ми се врати како камен во глава така што тогаш ништо никој не учу, сите се опуштаат...па тогаш јас им ставам единици затоа што сепак во школо се за да научат нешто. Па после тоа испаѓа дека сум лош професор...и така.

ЕВЕ ГО И КРАЈОТ! АЈДЕ КАЖИ НЕШТО ЗА КРАЈ!!!

Баш би сакал да свириме во Македонија, а и во места каде што сцената не е баш развиена. Сега брзо свиревме во Тутин. Тоа е едно мало место во Санџак и беше навистина одлично...имаше повеќе од 200 луѓе, добра атмосфера!!! Сакам да дојдам во Македонија затоа што во последно време запознав доста луѓе од таму кои што се во целата "Направи сам" приказна влезени искрено без никаква шминка и помодарство! Баш ме интересира каква е Македонија сега, како самостојна земја затоа што во Македонија не сум бил уште од кога бев клинец!!!

Dragan Stjepanović Mihaila Pupina 7 11420 Smed. Palanka Serbia/ Yugoslavia bops@gendergosa.co.yu

ISTO KAO I TI : Išli smo ulicom, ja sa jedne a ti sa druge strane, među nama je bio put mržnje. Strah od smrti je isti...bol u srcu je isti...plač majki je isti...Ne znam odakle tolika mržnja da li je moj zločin to što želim živeti, a što želiš i ti.

Фанзин за "ВСЕЛЕНСКИ АВТОСТОП" ар-ден"на л од МЕНОВСКИ РУБИН

Мојот град,една прекрасна комбинација од најразлични видови споеви,има една мала,ама голема мана-ЛУЃЕТО!Но,никој не е совршен,нели?!Ама и покрај сите глупости,ете и тоа...
И покрај целата моја борба и деструктивен песимизам на крај една голема ѕвездичка промени толку многу работи,а јас останав нем и збунет,испраќајќи ја со насмевка.

* * * * *

Есента и оваа година се фалеше со своите волшебни вечери,и каде што не допираа уличните светилки,царуваа ѕвездите.
Реткост,оваа вечер добив шанса. Поголема реткост,оваа вечер ја одбив шансата(уште еден обид надвор од шемата).Не знам зошто.Дали беше крива месечината и царството на ѕвездите или пак вечерта со алкохол преполна умот ми го помати,јас навистина не знам.Во секој случај крајот ме натера да напишам нешто.
Ќе пробам да се оправдам со поговорката-"Крајот го краси делото",па ќе го прескокнам објаснувањето за причините.Одев пешки и одев долго.Умот тешко ги контролираше нозете,кои пак правеа најразлични бројки,но сепак не престануваа да одат.И така,чекор по чекор,бројка по бројка јас одев кон мојата последна дестинација за вечерва.Прстот легнуваше само на ѕвездите со чудни табли на крововите. Можев да ги имам сите нив!
Но,дали тоа беа вистинските?Цигарите,се палеа од моите усни, се гасеа од темниот асфалт,а јас полека се приближував до мојот систем.Поминуваа метеори,комети, ѕвезди и незнам уште што,но знам дека сите поминуваа барем низ дел од мојот млечен пат.Мојот прст продолжуваше да легнува после секој вселенски летачки објект.А јас всушност сакав да се качам во првата ѕвезда со чудна табла на кровот,да стигнам побрзо до моето засолниште меѓу галаксиите и да го преспијам остатокот од вечерта,но мојот прст продолжуваше да легнува и баш пред тие ѕвезди стануваше непослушен.Тој ја бараше неа,тој ја бараше "вистинската".
Почнав да се менувам.Не можам да одговорам ниту на "Зошто?", ниту на "Како?",ама почнав да бирам.Само,секогаш разочаран и со тивок протест кон мојот прст продолжував понатаму,без ѕвезда.Цело време некој пред мене добиваше нешто.Цело време некој добиваше галаксија.Ви се молам,дали би сакале да одвоите еден момент за да ја замислите ситуацијата:Иако можев да ги имам сите,јас продолжував да се тетеравам по асфалтот на мојот млечен пат,затоа што дозволувам еден прст да ме влече, така речи,за нос.И покрај секое негово легнување,тој продолжува да ме влече со секоја негова мисла и скриена надеж.Ќе ве прашам-дали беше оправдано моето негодување?-Сигурно,да.-ќе од-



говорите
вие.Но,се-
пак овој
расказ е
посветен
на друг.
Посветен е
на човекот
кој немаше
ништо дру-
го освен
комета и
позитивна
енергија.
А мојот пр-
ст?Е мојот
прст сега
беше во
раката ко-
ја топло
ја стисна
неговата
рака изра-
зувајќи
голема благодарност при разделба.



(23.09.2001-Скопје)




# РУЖНИ ПОЧИВАЈ ВО МИР

# VITAMIN X

НЕКОЛКУ ДЕНА ПО РЕД ПОЧНУВАВ ДА ГО КУЦАМ ОВА ИНТЕРВЈУ,И ИСТО ТОЛКУ ДЕНОВИ НЕ НАПРАВИВ НИШТО.НО,ЕТЕ ТОКМУ ДЕНЕС МИ СТИГНА НИВНАТА ПОСЛЕДНА СИНГЛИЦА ТАКА ШТО ЕДНОСТАВНО ВЕЌЕ БЕШЕ НЕВОЗМОЖНО НЕКУЦАЊЕТО НА ОВА ИНТЕРВЈУ!!!ПРОЧИТАЈТЕ ШТО ИМА ДА ВИ КАЖЕ МАРКО,ПЕЈАЧОТ НА ГРУПАТА КОЈА ШТО ДЕФИНИТИВНО ГИ РУШИ ЅИДОВИТЕ!УЖИВАЈТЕ СО НАЈТРЕЗНИТЕ ЛУЃЕ ВО АМСТЕРДАМ!!!XXX

## Amsterdam sXe youth crew

НАБРГУ ВИ ИЗЛЕГУВА ЛП-то,ОДИТЕ НА АМЕРИКАНСКА ТУРНЕЈА...ПА,КАЖИ МИ НЕШТО ПОВЕЌЕ ОКОЛУ ТОА!

Хм,па тоа всушност е нашиот втор ЛП,и нашата втора по ред Американска турнеја,но О.К.Инаку што се однесува до новото ЛП,па го снимаме на почетокот на Јануари,и би требало да излезе во Март пред нашата турнеја,се разбира доколку се оди по планот и ако ние нешто не усереме при снимањето.Инаку ЛП-то ќе биде сплит издание помеѓу Havoc rec. и Underestimated rec.

Музички ќе варира од ултра брз HC до панк HC од типот на раните Black Flag или Regan Youth. Што се однесува до Американската турнеја ќе трае отприлика 6 недели,и за сега веќе имаме средени 45 концерти,а по се изгледа дека постои можност да направиме неколку свирки во Мексико и во Канада,но за тоа по тоа... Инаку луѓето кои што се заслужни за тоа а и за последната до јајца успешна Американска турнеја се Антон од Underestimated rec. и секако Феликс од Havoc rec. кој што беше,а и повторно ќе биде наш роуди на поголемиот дел од турнејата,а треба да се спомне и Ерни од Lifes halt кој што ни ги среди сите концерти на западниот брег.

КОЈА Е ТВОЈАТА ЖИВОТНА ФИЛОЗОФИЈА?ПОРАДИ ШТО СИ ТОА ШТО СИ СЕГА?

Мојата животна филозофија е:Направи најдобро што можеш од сопствениот живот,ичи од мудрите и добро забавај се.Од политичка гледна точка јас сум против:било каков вид на дискриминација,расизам, сексизам,хомофобија и манипулација со луѓето и животните.И сметам дека секој треба да има можност за сопствен избор ако со тоа не загрозува други личности.Јас сум про-чојс,вклучувајќи го и правото на жените на абортус.

ЗОШТО СЕ ПРЕСЕЛИ ОД БЕЛГРАД ВО АМСТЕРДАМ?

Затоа што во Белград животот стануваше се полош и полош и не се назираше никаква посветла иднина,и сметав дека најпаметно е едноставно да се тргнам од таму и да пробам да си изградам здрав живот во некоја нормална земја.Единствено,што да бидам искрен не планирав баш тоа да биде Холандија и Амстердам,но така испадна.

02)332645

МИСЛИШ ЛИ ДЕКА VITAMIN X ЌЕ БЕШЕ ТО ... ЛКУ ДОБРО ПРИФАТЕН ... ВО СВЕТОТ ДА БЕШЕ ... БЕНД КОЈ ДОАЃА ... ОД СРБИЈА?



го искреирам своето мислење и карактер.

Тоа не можам тотално да ти го одговорам,но не верувам бидејќи многу бендови долу пропаднаа поради неможноста да свират надвор од Србија,а и немаат доволно пари и нерви за да вложат во целата работа,а друго запомни,Јас сум единствениот Србин во бендот.Дури и овде беше ултра заебано да најдеш луѓе кои што ќе сакаат да го свират овој вид на музика и кои што ќе вложат толку време во бендот. Затоа се сомневам дека тоа ќе ми успееше во Белград затоа што сите луѓе кои што таму свират HC имаат по најмалку два бенда.

ДРУГАРУ,АЈДЕ ДА ЈА СМИРИМЕ АТМОСФЕРАТА!!!КОИ СЕ ТВОИТЕ МУЗИЧКИ И ЖИВОТНИ ПРИМЕРИ?

Хм,музички.Па,ги има многу,но ќе набројам неколку: Minor threat,Negative Approach,RKL/stari/,Verbal Abuse/s/,Ill Repute /s/,**Adrenalin O.D.,Infest Y.O.T.,Norman Bates & the showerheads,The Worst,Uniform Choice,Septic Death,**а од новите бендови: **Lifes Halt,Tear it up,Last in line,Gordon solie motherfuckers, Holier than thou,Andi Potersens arme,** и од панк и OI! бендовите: Cockney Rejects,Blaggers ITA Cock Sparrer,The Wreched ones,Blitz и можам до утре да ти набројувам.Што се однесува до животните примери,тешко е да наведам само еден бидејќи постојат многу личности,работи,книги,филмови и постапки кои што ме натерале да

КОГА СТАНА sXe,И ЗОШТО?

Па,од почетокот на "95 се сметам себеси ~~за sXe~~,макар што како клинец во "89 после концертот на **Youth of Today** во Загреб се ложев ко мајмун и бев sXe до "92(инаку вегетеријанец сум од "90).Инаку sXe за мене е личен и по малку политички избор.Јас едноставно подобро се чувствувам како **drug free** и сметам дека за добра заебанција не ти требаат алкохол и дрога. Од друга страна јас сум и онака против мултинационалните компании,во кои што спаѓаат и компаниите за производство на тутун и алкохол кои што јас ги гледам како продолжена рака на капитализмот кој што на луѓето им нуди лажна сатисфакција од типот:Цела недела си работел од 9 до 5,па за викендот пиј и дери се колку што сакаш.Но,да не дојде до недоразбирање,јас немам ништо против луѓето кои што не се sXe(90% од моите пријатели се такви).Дури и што ние сме за легализација на дрогата, бидејќи мислам дека луѓето кои што сакаат дрога секогаш ќе најдат начин за да дојдат до неа, и затоа наместо државата да тро-





ши пари за
таканаречената drug-
war, може
тие пари многу поубаво да ги искористи за
образование
на младите луѓе, социјална помош, здравство... Во исто време
ќе се решат од одреден број на
криминалци, а луѓето кои што
конзумираат дрога ќе можат да добијат добра роба а не ѓубре од локалните дилери. На пример, во Холандија лесните droги се
легализирани, а за тешките
горе-долу се прогледува
низ прсти. Резултатот од
тоа е да Холандија има најмал процент на наркомани
во Европа.

КАКО ТВОИТЕ ДРУГАРИ, СЕМЕЈСТВОТО И ОСТАНАТИТЕ ГО ПРИФАТИЈА ТОА ШТО ТИ СИ sXe?
Па, некои другари сеуште ме
зафркаваат, но и јас ги зафркавам нив. Што се однесува до родителите, не живеам
со нив веќе 9 години, но
sXe-от нив никогаш не ги
интересирал освен што ми
требаа неколку години да
ги убедам дека сум вегетеријанец и дека не јадам
месо и дека нема да умрам
без него.

ЗОШТО СИ ВЕГЕТЕРИЈАНЕЦ?
Како и што предходно ти кажав јас сум вегетеријанец
речиси 11 години. Пред се
сметам дека тоа е здрава исхрана и јас никогаш не сум имал
проблеми со тоа, а и плус сметам доколку сите би се откажале
од месото, дефинитивно ќе има
уште доволно храна за да се прехрани целата планета, бидејќи
наместо животните да ги гоиме
со билки за да после ги изедеме
тие исти билки можат подобро да
го исхранат човекот (а и повеќе
пари ќе останат за да се вложат
во нивното производство). На страна од се и мачењето и убивање-

VITAMIN X

-то и мачењето на животните, кое
што е тотално дебилна работа,
посебно во некојси 21-ви век.

МИСЛИШ ЛИ ДЕКА ДЕНЕШНИТЕ НС КЛИНЦИ СЕ ДОВОЛНО ИСКРЕНИ? МОЖЕШ
ЛИ ДА ЈА СПОРЕДИШ ДЕНЕШНАТА НС
СЦЕНА И ОНАА ОД ПРЕД 12-13 ГОД?
Па сите да беа толку искрени
како пред 12-13 години и не би
се прашувале каде се сега. Инаку што се однесува до денешната сцена, не си баш прецизен дали мислиш на светската, Холандската, или можеби
на српската?! Во секој случај, ако зборуваме за светската НС сцена, таа дефинитивно напредуваше во последниве 10-тина години, и то
је до јаја (Овој БГ израз
изгледа дека му е омилен на
Марко, па затоа и овдека го
напишав без превод), мислам
навистина е прекрасно кога
ќе се види колку е голема
мрежата на сите луѓе кои што се активни денес на светската сцена (да речеме, нас
ни искочи дискографска касета во Малезија и Индонезија, наскоро и во Полска,
па потоа ни излегува и дискографски ЦД во Бразил. На
страна од тоа, последните плочи ни се издадени од американски издавачи) и како се
то тоа функционира на НАПРАВИ САМ начин. Да чечеме
споредувајќи со 80-тите кога што беше тотално апстрактно да се размислува дека
еден европски d.i.y. бенд
ќе може да направи една подолга американска турнеја, и уште да си ги повврати парите,
па и нешто да
заработи. А, еве
сега ние сме
жив пример дека тоа е возможно. Сето тоа
сега е подобро организирано, а и новите
генерации внесоа нова ене-





ргија и ентузијаз-ам.Сцената никогаш не била поздрава од последниве неколку години,иако сеуште има ѓубриња и разноразни мачо метал Madball клинци,но среќа што тие повеќе не доаѓаат на концерти. Сега единствени кои што иритираат се вриштачките-емо иквази ПС клинци кои што си замислуваат дека се НС,и плус по некој ментол sXe клинец кој што се расфрла со фразите од типот на old school-new school и пробува некои од модерните метал бендови од типот на Corn,Earth Crisis да ги класифицира како НС,но најверојатно тоа ќе исчезне со времето.

ДАЛИ РАБОТИШ НЕШТО ДРУГО ОСВЕН БЕНДОТ?КАКО ЗАРАБОТУВАШ ЗА ЖИВОТ?

Па работам разноразни физички и по некои умствени работи,воглавно.Се трудам да имам работа без договор затоа што постојано патувам.

ШТО РАБОТАТ ОСТАНАТИТЕ МОМЦИ ОД БЕНДОТ?ДАЛИ НЕКОЈ ОД ВАС СВИРЕЛ ВО НЕКОИ ДРУГИ БЕНДОВИ?

Па,исто како и јас,сите воглавно работиме и помалку студираме.Инаку Алекс свиреше во Sobersponse,Марк имаше неколку бендови порано,меѓутоа ниеден од нив не стана попознат,Герт-јан свири уште во неколку бендови од кои што најпознат е Betercore,а јас имам OI! бенд Heros§Zeros (патем да споменам дека наскоро ни излегува првиот 7" за Madvbutcher rec.)а пробувам да составам уште еден бенд во кој што ќе се пробам како тапанар.

МИСЛИШ ЛИ ДЕКА НЕКОГАШ СВЕТОТ ЌЕ СЕ ПРОМЕНИ НА ПОДОБРО?МИСЛИШ ЛИ ДЕКА РАЗУМОТ ЌЕ ЈА ПОБЕДИ ГЛАДТА ЗА ПОГОЛЕМ ПРОФИТ?КАКО ТОА БИ СЕ ОСТВАРИЛО ДОКОЛКУ БИ ЗАВИСЕЛО ОД ТВОИТЕ ОДЛУКИ?

Па,верувам дека еден ден ќе се промени,но ќе се коле и војува уште еден подолг период се додека на луѓето не им скурчи од тоа и навистина се потрудат да направат некоја радикална промена.Во секој случај нешто се случува,на пример Американската империја почна да се тресе,и многу брзо ја покажаа сопствената слабост со лажењето на малоумните на национализам.Моето мислење е:Позитивната интелигенција би требало да се здружи и да направи еден контра прототип на сегашното друштво каде што духовните и креативните вредности ќе се почитуваат повеќе од материјалните,и ако тоа се покаже успешно така ќе влијаат и на остатокот од светот.Но тоа е дојајно(еве го пааак!)заебано,би дејќи ако тоа се оствари тоа би значело крај на капиталистичката империја,крај на црквата и организираната религија,предрасудите и на се останато што постоеше со цел да манипулира со луѓето.Има премногу луѓе кои што се би направиле за само да го спречат тоа.



ЕВЕ,ДОЈДЕ И КРАЈОТ НА ОВА ИНТЕРВЈУ!!!ЈАС ГО ЗАПОЧНАВ ДРУГАР,
ЗАТОА ТИ ЗАВРШИ ГО КАКО ШТО САКАШ!!!
Па,пораката за крај е:Подобрете си ја сопствената креативност,
посветете им се колку што можете повеќе на работите кои што ги
сакате и слушајте VITAMIN X,и ќе живеете 300 години!

**TAKE IT BACK**

life stretched to extremes
time too short, so it seems
don't waste your time on useless schemes
stay young and free to live your dreams

dreams, man made to keep you blind
don't buy that dream that blurs your mind
don't wait too long 'cause you might find
that friends are no longer by your side

make the most of your life,
don't let it slip away:
now it's time to TAKE IT BACK, TAKE IT BACK
real-life dreams, just make them true today
now it's time to TAKE IT BACK

MAKE THE MOST OF YOUR LIFE
DON'T LET IT SLIP AWAY
NOW IT'S TIME TO TAKE IT BACK

Vitamin X is against all forms of oppression. Millions of people suffer and die each year because of bombs, sanctions and other forms of warfare (for example in former Yugoslavia and Iraq). The money used for wars should be used for education and healthcare. Welfare not warfare.







**CONTACT: VITAMIN X C/O MARKO KORAC, RUSTENBURGERSTRAAT 302 1, 1073 GM AMSTERDAM, THE NETHERLANDS, TEL. +31-(0)20-6627064**
**E-MAIL: XVITAMINXX@YAHOO.COM**



*Bands, labels, zines, etc., send info &/or promo, we'll play it or review it on our radio show & in our newsletter ! Play lists & tapes from our show on request !*

unEasy listening
depuis 1987

**ECRASONS LA**
*let's crush the vermin !*
**VERMINE**

e-mail campus@univ-lille1.fr




KALIMERO //B.P.21 //
59007 LILLE cedex (france)

elv – radio campus // univ. de lille 1 //
59655 villeneuve d'ascq cedex // france

**émission radio hebdo - dimanche 18h30 - 20h00**
*weekly radio show - sunday 0630 - 0800 PM*

Radio Campus Lille 106,6 FM

antisocial
since 1987

+ minizine gratos ≅ trimestriel - *free newsletter each 3 months*













Out now on **Stardumb Records**:
**THE APERS** - S/T (CD / LP)
**GROOVIE GHOULIES** - Freaks On Parade (CD-EP)
**THE MANGES** - The Manges 'R' Good Enough (CD / LP)
**PEAWEES** - Dead End City (CD / LP)

Stardumb RECORDS

Stardumb Records - PO Box 21145 - 3001 AC Rotterdam - The Netherlands
More info & free mp3's: www.stardumbrecords.com - stefan@stardumbrecords.com



"ЗА НЕКОГО Е ВЛАДИМИР МУРАТОВСКИ...ЗА НЕКОГО ДИВО...НО, ЗА НАС Е ВЛАТЧЕ.СТАР ПАНКЕР И СТАР ДРУГАР!!!УРБАН ПОЕТ КОЈ ШТО Е СВЕДОК НА МУТИРАЊЕТО НА РАДИКАЛНИТЕ ИДЕИ И ПРЕОБРАЗУВАЊАТА НА МНОГУ ПАНКЕРИ ВО ШМИНКЕРИ!!!ЗАТОА НЕМОЈ ДА СЕ ИЗНЕНАДИШ ДОКОЛКУ СЕ ПРЕПОЗНАЕШ ВО НЕГОВИТЕ ПЕСНИ ЗАТОА ШТО ВЛАТЧЕ ПОКРАЈ ИМИЊАТА НА НЕГОВИТЕ ПЛОЧИ ДОБРО ГИ ПАМЕТИ СИТЕ...

### БЛИСКА СРЕДБА

Сонувам се отворени очи.
Те барам,
а твојата душа
е некаде длабоко
закопана во моите мисли.
Чуварот на чувствата
постојано бдее
над твоите затворени одаи.
Ходници на времето
низ кои полека минувам
барајќи го
истиот лик.

Слатките нешта
се премногу реални
кога стануваат стварност.

Сонувам со очи отворени.
Те барам,
но не можам да те видам.
Ти си толку далеку,
а сепак си тука некаде.

### ЖИВОТНА МОНОТОНИЈА

Тешко ми е на душава
празнина ме мачи.
Исцрпен од досадата на животот
живеам со надежите
во очекување
подобро утре
да дојде.

### ТЕШКА НЕИЗВЕСНОСТ

Остана
само споменот
разбуден од предосетот
во тивката вечер.
Остана
останувањето.
Остана како минато,
а реалноста носи со себе
тешка неизвесност.

### ПОТОНАТИ МИСЛИ

Летам.
Состојба на летаргија.
Те барам високо
скриена помеѓу облаците
на небесната синевина.
Облечен во црна наметка
бегам од илузиите
осуден бегам,бегам
и само бегам.
Лебдам во кошмарот
помеѓу сонот и јавето
и облаци од густ чад
ме опкружуваат.

### БЕДА

Сокри го во себе
својот срам,
затоа што
ти си дел од овој свет
на кој јас не му припаѓам.

(02)332645

### НЕИЗВЕСНА ИДНИНА

Судбината
го направи
мојот живот тежок.
Средината не ме прифаќа,
ме очекува неизвесна
иднина.

### МОРНИЧАВИ НАДЕЖИ

За себе градиме зандани,за себе копаме гробови,
а смртта постојано ни чука на врата.
Морничави пропаѓени дни и непреспиени ноќи,
денови црни морничави со презни надежи
за подобро утре.

Владимир Муратовски

ОТСЕКОГАШ СУМ ГО САКАЛ ОВОЈ БЕНД И ТОКМУ ПОРАДИ ТОА САКАВ ДА НАПРАВАМ И ИНТЕРВЈУ СО НИВ.КОГА МУ СЕ ЈАВИВ НА НИВНИОТ ТАПАНАР СРЏАН(ЧОВЕКОТ СО КОЈ ШТО ГО ПРАВЕВ ОВА ИНТЕРВЈУ.ВОЕДНО МУ СЕ ЗАБЛАГОДАРУВАМ ЗА ПРЕКРАСНОТО ДРУЖЕЊЕ). ПРЕД МОЕТО ПАТУВАЊЕ ВО БЕЛГРАД И ГО ПРАШАВ ЗА ИНТЕРВЈУТО УШТЕ ПРЕД ДА МИ ОДГОВОРИ,НЕКАКО ПРЕТЧУСТВУВАВ ДЕКА ЌЕ ПОМИНАМ ПРЕКРАСНО ВРЕМЕ ДРУЖЕЈЌИ СЕ СО ОВОЈ ПРЕКРАСЕН ЧОВЕК!МОРАМ ДА КАЖАМ ДЕКА ВО ИНТЕРВЈУТО ГИ ОСТАВИВ САМО НАЈБИТНИТЕ РАБОТИ(ПОРАДИ ТОА ОВА ИНТЕРВЈУ Е ТОЛКУ КРАТКО)И ДЕКА ПОКРАЈ ВО UNISON ,СРЏАН ИМА СВИРЕНО ВО УШТЕ МИЛИОН ДРУГИ БЕЛГРАДСКИ HC ГРУПИ!!!ПОЧНУВАМЕ..

# BELGRADE unison HARDCORE

**КАКО ВЛЕЗЕ ВО HC ПРИКАЗНАТА?**

Преку брат ми кој што беше металец.Па полека од тоа преку бендовите како S.O.D. влегов во целата HC/панк приказна.

**КОГА ПОЧНА ДА СВИРИШ ВО UNISON?**

Во овој бенд дојдов во 1996.До тогаш главен бенд ми беше STAND POINT.UNISON предходно свиреа од 1994,но до моето доаѓање ништо сериозно.Имавме среќа што веднаш кога почнавме влета Кораќ(VITAMIN X)со неговата етикета.Ние тогаш направивме снимки и му ги испративме преку BLITZ BABIES од Австралија со кои што имавме овде концерт.Тогаш излезе тој 7" и што знам...многу му се радувавме,знаеш,прва плоча.А и во тоа време(а и сега) ретко кој белградски бенд имаше свој винил.После тој сингл од класичен sXe бенд,малку се помрднавме накај поемотивниот звук.Тука некаде е и касетата која што излезе за F.U.R., иако и тој матерујал требаше да го издаде Кораќ како наш втор сингл,меѓутоа тој материјал беше премногу мрачен за негов вкус.Тогаш влета Аца со неговата ептен фер понуда...и тоа е тоа.Таа касета сеуште можете да ја најдете во Белград по цена од 3 ДМ што е сосем О.К. цена за тоа издание,затоа што касетата навистина супер изгледа и звучи.После тоа некои фаци ја бојкотираа таа касета бидејќи е издание на Аца!Мислам дека тоа беа обични глупости.После таа касета издадовме уште помрачен материјал.Тоа е CD-r "Sunday neurosis".После тоа излезе и 3 way live split CD-r V.S. CHARLIE DON`T SURF & INTENSITY од Шведска.За нас тој прогрес е сосем нормален.Можеби сега во нашата музика има повеќе метал,меѓутоа сеуште тоа е тоа...HARD CORE!!!




**ЗА РАЗЛИКА ОД МНОГУ ДРУГИ БЕЛГРАДСКИ HC БЕНДОВИ,ВИЕ ВАЖИТЕ ЗА ЧЕСЕН И ИСКРЕН БЕНД КОЈ ШТО ПОМИНУВА ДОБРО И НАДВОР ОД БЕЛГРАД.ШТО МИСЛИШ ЗА ТОА?ЗОШТО ТОКМУ ВАС ВЕ ПРИФАЌААТ ВО ДРУГИТЕ ГРАДОВИ?**

Па на пример уште порано,кога бевме ултра sXe бенд со Нови Сад бевме поврзани преку бендот STRIVE FOR MORE. После нивниот распад,наш нов басист стана нивниот басист така да сеуште супер поминуваме во Нови Сад Со екипата од Краљево отсекогаш сме биле О.К.,на пример сме се менувале за некои работи,а и иако не сме анархисти,анархис-

тичката идеја ни е многу блиска. Освен во нашиот рани период, ние никогаш не сме гаеле некоја сц-енска приказна. Мислам дека сме бенд кој што нема многу неприја-тели!!!

ЗБОРУВАВМЕ ЗА ИЗБОРОТ. ШТО МИСЛИШ ЗА КЛИНЦИТЕ КОИ ШТО СЕ ВО ФИЛМОТ "sXe ЗАСЕКОГАШ" ИАКО НИКОГАШ НЕ ЖИВЕЕЛЕ НА ДРУГАТА СТРАНА НА РАБОТ?

Па, што знам?! Јас се на се немам испиено повеќе од едно шише пиво во животот. Од време на време пијам ајриш крим кој што во себе содржи мал процент на виски, или пак за роденденот на мајка ми ќе се напијам една чашка...меѓутоа никогаш не се опијанувам и сметам дека поради тоа не кршам никаков sXe кодекс. Во основно школо едно време пушкав цигари, онака без вовлекување, но кога сите почнаа да пушат јас прекратив. Тогаш преку брат ми слушнав за Y.O.T. и така првпат се сретнав со стрејтот. Па потоа нешто си поврзав дека стрејтерите не пушат, не се тепаат, не пијат...па си реков: "Супер! И јас сум стрејтер." Јас не бев никогаш некој распад, па демек после со стрејтот се опаметив, но едноставно од тогаш сеуште сум стрејт, за разлика од многу фаци овде кои што откако беа "најголеми стрејтери на светот" се претворија во она спротивното! Немам ништо против тие кои што ќе го скршат стрејтот, меѓутоа е да си sXe само затоа што така се "фураш".



.unison.

ШТО Е СО ОНИЕ КОИ ШТО НЕ ЈАДАТ МЕСО ОД ФУРКА? ШТО Е СО ТЕБЕ?

Јас не се гадам од месото, туку не јадам месо затоа што ми е жал за животните. Порано имаше периоди кога не јадев, па пак пројадував. Последниве 1,5 год. повторно не јадам. Во бендот сите освен брат ми сме вегетеријанци. Истотака не јадам во Мек Доналдс и не купувам Кока Кола, но пијам во случај кога некој нема ништо друго да ми понуди, па тогаш ми е срање да го одбијам за да не го посрамотам. Исто и со кожните работи. На пример имам Мартинс кои што ми се дадени на поклон. Знам дека се од кожа, ама да го ебам, морам да носам нешто во зима, а од кај ми пари да купам нешто друго...ме разбираш?! (После ова разговаравме за тоа дека сите во бендот се против расизам, национализам, хомофобија, нацизам...)

КАЖИ МИ ЗА ВАШЕТО НОВО ИЗДАНИЕ!

Па, Давор од Загреб и Сергеј кој што е истотака Хрват, но живее во Германија ни го издадоа сплит 7" со хрватскиот бенд АНАЛЕНА. Но, малку луѓе знаат за ова издание, а и плочите овде не се купуваат нешто претерано. После ова издание некои луѓе дојдоа на идеја да ни направат ЛП. Знаеш, она варијанта со 5-6 издавачи... на пример некои со кои што сме работеле до сега +некој Јапонец или Американец и така добиваш плоча со дистрибуција на 2-3 континента, ха, ха, ха... Ние сакаме тоа да биде повторно сплит со Аналена затоа што навистина




сакаме да им возвратиме за трудот кој што го имаа во врска со нашиот сплит сингл. Но тие имаат веќе материјал за самостоен албум во подготовка, така да тоа пропадна. Тогаш во варијанта влезе сплит со CHARLIE DON`T SURF но, сега засега тоа се само планови.

ЗАВРШИ ГО ОВА ИНТЕРВЈУ ТАКА ШТО ЌЕ КАЖЕШ НЕШТО ЗА КОЕ ШТО НЕ ТЕ ПРАШАВ А ТИ СМЕТАШ ДЕКА МОРА ДА СЕ СПОМНЕ ВО ОВА ИНТЕРВЈУ!!!

Секој кој што го интересира нешто во врска со бендот нека пише! Ние сме бенд со сопствена приказна на HC сцената. Не сме дел од некои екипи, банди...едноставно сакаме да свириме! Бидејќи сме издавале на секаков формат неостварен сон ни е ЛП и турнеја која што ќе ги опфати барем Србија, Хрватска, Македонија, Словенија...Откако ќе го направиме тоа најверојатно ќе си поставиме друга цел. За крај да кажам дека покрај мене членови на UNISON се и: Вук-гитара, Милош-вокал, Срѓан од Нови Сад-бас и брат ми Небојша-гитара! Фала ти за интервјуто!!!

UNISON, c/o Srđan, Jove Ilića 32. 11000 Beograd, Jugoslavija go_011@hotmail.com

# "GET ON THE STAGE" ZINE

# GET OFF THE HARD CORE SCENE!!!...

← ХОМОФОБИЈА / HOMOPHOBIC

← НАЦИОНАЛИЗАМ / NAZIONALISTIC

← СЕКСИЗАМ / SEXISM

← ВЕРСКА ЗАСЛЕПЕНОСТ / RELIGIOUS BLINDNES

ЗОШТО? ПРОЧИТАЈ ВО ВОВЕДОТ!!! + КОЛУМНА!!!

# КИПАРИСЪ

Боро пак беше пијан.Ништо ново. Многу убаво беше излегувањето во Doors.Си поминуваме одлично-всушност,не смеам даречам одлично,зошто за мене нема,не постои одлично помината вечер,секогаш постои нешто повеќе,нешто што можело да се направи,а не било сторено.И за тоа,впрочем иднината е тука да пресуди,па кога ќе се навратиме на минатото да резимираме дека:-Да,тоа беше одлично помината вечер.Но,зборот не е за одлично поминатите вечери,туку за КИПАРИС,и за пијанството на Боро,а помалку и за Doors. Сите што излегувавме таму бевме како едно големо друштво. Тие што доаѓаа по прв пат,некој порано или подоцна во вечерта ги запознаваше,па така и тие станува дел од едно големо НАС.Некој некому му становаше дечко,некој девојка,некој си наоѓаше најверен другар,некој само разговараше философираше(по нашински "глобеше") за разноразни теми,а Боро постојано беше пијан.Течеше мај, а потоа дојде Јуни,беше топло а стануваше се потопло,ние моравме да се ладиме со пиво и по малку да се досадуваме,кога на некому му текна да почнеме да правиме свирки.Тука,доле.Во Doors. Ленчо,кој беше главниот на севоова,зошто тој ја заврши работата да го земеме Doors радосно извика:О.К. дечки,ќе има свирка!Местото се полнеше,се празнеа се повеќе пивски гајби,а кога се ќе завршеше,одевме во Пингвин и јадевме вчерашен леб и јогурт,и постојано трчавме по автобусот кој беше единствен превоз во нокта(сепак,постоеше таксито кое беше поскапо и постоеја нозете кои требаше да не однесат,но тоа беше пребавно).Сега,кога се присетувам гледам дека таму почнале едни Бумбикс,потоа Бензона кои во тоа време беа бенд за респектирање,па Џигерс,Плаф Бојлер,Лотофаг,а меѓу нив беа и тукуштo расформираните Дефект.Јас во меѓу време пишував поезија и Боро истотака,ама тој постојано беше пијан.Ништо ново.Сакав да оформам бенд,иако немав слух,немав никаков иструмент,ниту пак желба да научам да свирам нешто. Добро,тука можеби малку подлажувам зошто од секогаш сакав да свирам бас гитара.Ја имав својата поезија,една луда идеја и малку храброст.Отидов кај Дако од Џигерс и му реков:

Денко:Дако,ај да ви бидам предгрупа.

Дако:И што ќе правиш ти?!

Денко:Ќе рецитирам своја поезија.

Дако:Иди,море!

Денко:(убедувачки)Ај,бе шо!

Дако:(изненадено)А,бе,ти не се заебаваш?(крајно е изненаден, Денко го почувствува тоа и очајнички се обидува да го убеди да им биде предгрупа).

Денко:Не,бе,озбилен сум.

Дако:Незнам.Ај ќе ти кажам после.

Денко:А,бе,само ќе го земам микрофонот и ќе си рецитирам една десетина-петнаесет,можда и дваесет минути.Ако најдам може и музика да ме прати од позадина. А,што викаш?

Дако:После ќе ти кажам,бе!(се оддалечува).

Денко:О.К.

Дако:(оддалеку)Шо?

Денко:(досадно)Добро,бе,реков! Знаев дека Дако е правиот човек што би можел да одобри ваква работа.Веднаш почнав да размислувам како би изгледало моето рецитирање,обликував,додавав,импровизирав,мислев какви ќе бидат реакциите на луѓето што ќе бидат таму.Впрочем,знаев дека малку од нив ќе ме слушаат,а уште помалку ќе сакаат да ме разберат што рецитирам,

но морав од некаде да почнам.
Дако:(доаѓа кон Денко и го прекинува во размислувањето)Може!
Денко:Ух,добро е.
Дако:(малку шегобијно)Само незнам како ќе ти изгледа таа работа.
Денко:(охрабрувачки кон Дако,за да не се премисли)Ич не се секирај.Ќе смислам нешто паметно,ваљда.(Боро пијано се валкаше на подот и незнаејќи зошто,му даде идеја)Ми текна!Јас сум гениј,Јас сум цар.
Дако:Што ти стана бе?
Денко:Ништо,ништо,само да го најдам Деко.(го бара со очите)Спа,ене го!

* * * *

Во тоа време контактите со Деко беа минорни.Помалку го познавав и многу малку разговаравме,иако скоро секој ден се враќавме дома со истата полноќна двојка.Моите блиски луѓе тогаш беа Гелс,Дино,Дако па и Пенчо и Штеф,ама Деко ...односот ни беше во стилот на:
Деко:Како беше,а?
Денко:Добра свирка.Ти беше cool ,а и Цевка...(не ја довршува реченицата,зошто Деко го прекинува).
Деко:Знам,знам.А овие другиве двајца?
Денко:Абе,види сеа.Шо "а ти кажам.Неам зборови.Не беа баш како што треба.Али,тоа ти е!Не може све сјајно да биде.
Деко:Добро,добро.Не е важно.(шоферот кочи нагло)
Денко:Мајсторов вози ужас!
Деко:Мајсторе,не возиш компир!(се вмешува Пенчо)
Пенчо:(дремливо)Не,бе,роткивици!
Денко:(за Пенчо)Добар е малиов.
Деко:Аха.
Ете тоа.Таков беше односот меѓу нас.Обичен.

* * * *

Отидов кај друштвото каде што го забележав Деко.Го одделив од нив,иако тоа беше прилично тешко,па сепак,јас бев затреан за својата замисла и ќе сторев се да ја реализирам.
Денко:Сакаш да ме пратиш на бас?
Деко:(изненадено)Шо!?
Денко:(објаснува со зборови и раце)Види,ќе им бидам предгрупа на Цигерс,ќе рецитирам поезија,ми треба пратња.
Деко:Важи,бе.(размислува)Ваљда ќе биде добро(отпива од шишето) Знаеш шо,ај дојди утре кај мене и ќе пробаме,па ќе видиме шо ќе праиме.
Денко:(уште порадосно откако зборуваше со Дако)О.К. нема проблем!Едвај чекам да дојде утре.
Утредента отидов дома кај Деко. Кога влегов во неговата соба се фасцинирав.Па,вака сакав да изгледа мојата соба.Кревет,работна маса,стол или два,не е важно.Нема тепих,нема ништо,само паркет.По ѕидовите плакати,времени плакати од Бендовите што имале концерти во Скопје.Дисциплина Кичме,ЕКВ,Лајбах и некои други.Од звучниците ечеше Пакет аранжман.Жиле,брат му чепкаше



некое старо гитарско појачало.Деко беше нестрплив.Во рацете му беше басот,веќе вклучен.Тој нешто си компонираше или само си го испробуваше chorus-от.Не знам.Јас во раката го имав својот тефтер каде што ги запишував песните.Мојата гордост.Тогаш,не и сега.Веднаш почнавме.Експериментиравме,импровизиравме-тој со своите способности + chorus и overdrive, јас со своите способности,без ништо.



По саат,два исцрпени,но и задоволни, решивме дека ова што го правиме може да испадне добро.Вежбавме целиот ден кај него,па продолживме двајцата кон Doors.

А таму народ, колку ти душа сака.Екснавме по едно пиво и отидовме да се наместиме.Деко го штимаше басот а јас ја препрочитував поезијата што требаше да ја прочитам или да ја изрецитирам. Се присобра малку народ,повеќе од љубопитност отколку да го слушне она што го правиме,и ние почнавме.Го одработивме тоа што требаше,тоа што го вежбавме,си ги одработивме своите петнаесетина минути.Народот беше...хм,вчудоневиден,но не прифати.Кога подобро ќе размислам ова не беше свирка,туку перформанс.Но,што е тука е.

-Добро е-си рековме-ќе правиме уште една свирка или перформанс, сеедно.Но,утре,заедно со Цевка на тапани.Изгледа почнавме да заличуваме на бенд.Тогаш се сепнавме сите тројца.Па ние немавме никакво име на групата.

Деко:Абе,како ќе се викаме?
Денко:Не знам.
Деко:Кажи,бе,некое име!
Денко:Кипарис.
Деко:Шо?
Денко:Кипарис.
Деко:Е,шо е тоа?
Денко:Дрво,чемпрес(Цевка се вклучува во разговорот).
Цевка:На кој јазик?
Дени:На старословенски,ви се свиѓа?
Цевка:Па...валјда.
Деко:О.К.Пиши на плакатот Кипарис.
Цевка:Добро.
Денко:Еј,чекај!не знаеш како се пишува.
Деко:А,бе, не е важно.
Денко:Важно е!Дај јас да запишам.(запишува-          )
Деко:Вака се пишува?.
Денко:Да.
Деко:Ама едни се кирилица,други латиница.
Денко:Така се пишува!
Цевка:Е,од кај знаеш?
Денко:Па,тоа учам на факс,бе.
Цевка:Добро бе добро.Ај.
Денко:Ај,да се напиеме нешто.
Деко:И да јадеме.(влегуваат во Doors.)Боро пак беше пијан.Ништо ново.

ГЕТО РУДИ

# „ЧОВЕК" од Еди








КРАЈ

СО ЏАКА СЕ ЗНАМ ДОЛГО ВРЕМЕ!ЗАТОА ВО ЕДНО СУМ СИГУРЕН...ЏАКА Е РАПЕР ОД КОГА ГО ЗНАМ!СИГУРНО ПОВЕЌЕТО ОД ВАС СЕ-ПРАШУВААТ ЗОШТО ИНТЕРВЈУ СО РАПЕР ВО ОВОЈ HC/ПАНК ФАНЗИН.ОДГОВОРОТ Е ЕДНОСТАВЕН!ПРЕД НЕКОЕ ВРЕМЕ ЏАКА ИЗДАДЕ АЛБУМ(ДА...АЛБУМОТ ГО ИЗДАДЕ САМ)СО КОЈ ШТО ДОКАЖУВА ДЕКА HC РАПОТ НЕ Е МРТОВ!!!

КАЖИ ЈА ПРИКАЗНАТА НА АЛБУМОТ!
Па,текстовите ги напишав јас. Дури и заменав мои прсти и во продукцијата.Албумот е сниман кај Тец,а има снимки и од кај Аго(Темната страна) и Алхемичарот од Против сите.

СЕ СМЕТАШ СЕБЕСИ ЗА HC РАПЕР! ШТО Е ЗА ТЕБЕ HARD CORE-от?
Па види,кај нас сите оние кои што не се комерцијала се HCт.е. тоа се сите оние кои што прават рап за себе!Јас живеам HC живот и затоа правам HC рап!!!

ШТО Е СО ОСТАНАТИТЕ РАПЕРИ КОИ ШТО СОНУВААТ ДА СТАНАТ ГАНСТЕРИ СО ГОЛЕМИ КОЛИ,КУРВИ...МТВ, ДРОГА,ПАРИ...?
Тоа зависи кој како го сфатил рапотЈас пишувам само за работите кои што стварно ми се случуваат.

ПРИМЕТИВ ДЕКА ВО АЛБУМОТ ПОСТОЈАНО ГО СПОМЕНУВАШ ГОСПОД.ЗАРЕМ ВЕРУВАШ ВО ТОА?
Јас верувам во природата.Господ е дел од природата...човекот е дел од природата!!!

...ДАЛИ ВЕРУВАШ ВО ЦЕКВАТА КАКО ИНСТИТУЦИЈА?
Не!Не верувам во црквата затоа што ја водат луѓе.Човекот е несовршено битие!

ДАЛИ ИМАШ СВОЈ ПОЛИТИЧКИ СТАВ?
Јас сум постојано АНТИ-владино расположен!Јас сум АНТИ-СИСТЕМ. Рапот е музика од народот за народот!!!

ДАЛИ УШТЕ ВЕРУВАШ ДЕКА ГОЛЕМИТЕ РАП ЅВЕЗДИ СО СВОИТЕ МИЛИОНИ ДОЛАРИ СЕ СЕУШТЕ ЗА НАРОДОТ? НЕ Е ЛИ НИВНАТА МУЗИКА САМО ЈАДЕЊЕ ГОМНА И ШМИНКА?
Да,парите се кај погрешните луѓе.Некој само јаде гомна,но некој стварно делува.На пример Dead press(се надевам дека добро ги напишав) кои што се политички активни и прават многу работи.Но сепак е вистина дека поголем дел од раперите не прават ништо повеќе освен што серат!!!

ДАЛИ МИСЛИШ ДЕКА КАЈ НАС ПОСТОИ ВИСТИНСКА АНДЕРГРАУНД РАП СЦЕНА? ЗОШТО РАПЕРИТЕ ГО НЕМААТ ВО ЦЕЛОСТ ПРИФАТЕНО D.I.Y. НАЧИНОТ НА ЖИВОТ И ТВОРЕЊЕ?
Проблемот е во тоа што луѓето не се доволно упатени во работите.Покрај моите досегашни активности планирам да направам еден рап фанзин со цел да ги размрдам малку работите овде!

МИСЛИШ ЛИ ДЕКА СКОПСКИТЕ РАПЕРЧИЊА КОИ ШТО СЕ НАУЧЕНИ СЕ ДА ДОБИВААТ НА ГОТОВО ЌЕ ЈА СФАТАТ

ПОРАКАТА НА ЕДЕН ФОТОКОПИРАН "НАПРАВИ САМ" ФАНЗИН?



Откако јас почнав да слушам рап работите многу се сменија.Порано јас морав да акам низ цело Скопје од луѓе до луѓе,да се снаоѓам за една ебена касета...а сега на копилињата се им е на готово. Оди во продавница и си купува рап ЦД! Влегува кај Мале во продавница и му вика:"Сакам да бидам скејтер" и веднаш го прават скејтер. Сега лесно се добива се за пари!Мора да се прави разлика помеѓу оние кои што само се "фураат" и меѓу оние кои што тоа вистински го прават.

ДО КОГА МИСЛИШ ДА БИДЕШ РАПЕР?До смрт!!!

ШТО ЌЕ ИМ ПОРАЧАШ ЗА КРАЈ НА МЛАДИТЕ РАПЕРИ?
Ако сакаат да прават рап,тоа да го прават вистински.И да разберат дека тоа со себе си носи некои последици!Тоа што го пејат во текстовите некој го слуша,затоа пазете што зборите и секогаш трудете се да бидете на страната на вистината! А на сите лигуши кои што се фураат нешто,се носат демек...нешто лошо,им порачувам:"ДА ВЕ ЕБАМ!!!"

(После ова Цака препорачуваше и некои рап албуми и артисти,меѓутоа тоа најдобро ќе ... го дознаете од него лично!По... барајте го низ градов по ме... стата каде што виси! ... Еве,на пример поч... нете од плоштад ... Истотака тој ви... кажува де... С.А.Ф. ќе ... го по... чи... аме ра... пот!

# DISTRIBUCIJA-NAPRAVI SAM-

1. MISERY- Live at MKNZ (Slovenija)
2. CRESS- Jesus Wept/"the demos-live"
3. OI POLLOI(U.K)- Live at MKNZ (Slovenija)
4. TAPES ARE COOL- Kompilacija
5. US AGAINST THEM- Kompilacija
6. LARM-Complete Noise
7. MORE FEMALE POWER- Kompilacija
8. SCREAMING BABIES- Kompilacija
9. MEXICAN POWER AUTHORITY- Baiku…qesundheit
10. OI POLLOI- Total Anarcho Live (Germanija)
11. SEDITION/DISAFFECT- Live at the Apollo (Skotska)
12. AUS ROTTEN-Live at MKNZ (Slovenija)
13. TOTALNI PROMASAJ-Ilirska Bistrica (Live)
14. HOCU?NECU!- Live at Thessaloniki (Grcija)
15. NECEMO I NEDAMO- Kompilacija
16. RADIKALNA PROMENA/VERBALNI DELIKT-Live in Ilirska Bistrica (Slovenija)
17. HIATUS- Live at MKNZ (Slovenija)
18. FLAGRANTS D'ELI- 1993
19. DEMANT/BAD JUSTICE- Akcije govore bolje od reci (Live)
20. NO SEAS NO MAS- Kompilacija
21. BELOW THE PAVEMENT LIES THE BEACH- Kompilacija
22. HOCU?NECU!- Srpski San
23. MORTUS- Educationaly motivating electric shock
24. CRUCIFIX- Live (Slovenija)
25. VERBALNI DELIKT- Od otvorenog protesta do otvorenog sukoba
26. ANTI OTPAD- Totalno sam ljut na ovaj svijet!
27. ANTISECT- Live 85
28. DRUNKARD- Confusion…demo 97
29. ALAHADUPAKS- 3rd World Contamination
30. DESINENCE MORTIFICATION/SPIRIDON MEKAS CRUST-Monte Paradiso
31. SMUDOS- Komsija boli me kurac!
32. RADIKALNA PROMENA- Radikala Promena
33. KRITICNA TOCKA- Kiloglavi
34. BORN BY MISTAKE- The impressions game
35. DETESTATION- Unheard Cries
36. DEBELI SAMURAJ- Svako ima pravo na zivot na svoj zivot imam pravo samo ja!
37. DISSECTED HUMAN BRAINS- Kolaps
38. BWF-BWF
39. DISARM-Let's take politics back
40. ANTICIPATE- Creating Global Madness
41. GYMNASTICS- Gymnastopitecus
42. STATE OF FILTH- Forced into silence
43. PHOBIA- Live
44. PROTEST- Take back your life
45. TERROR RUST- Decayed Mind
46. S.F.U.- Quo Vadis
47. I.O.V.- A nother destructive century
48. ICONS OF FILTH- Not on her majesty's service
49. A.D.A.- Love and Politics
50. CITIZEN FISH- Sink Or Swim
51. G.I.+THE IIOTS- Fascinating World Of Garbage

BOJAN-02 562 325, VLADIMIR 02 455 091, VOJO-02 335 262, IGOR-02 119 512

ПОВЕЌЕТО ОД ВАС ГО ЗНААТ ОВОЈ БЕНД ПРЕКУ НИВНИОТ ВТОР АЛБУМ. ИНАКУ ВО СРБИЈА ТИЕ ВАЖАТ ЗА ЕДЕН ОД НАЈДОБРИТЕ "ЖИВИ" БЕНДОВИ.ИНТЕРВЈУВО ГО ПРАВЕВ СО СЕКЕ(БАС,ВОКАЛ)КАЈ НЕГО ДОМА, ВО РУМА,НАЈМИРНИОТ ГРАД ВО СРБИЈА!ИНАКУ СО СЕКЕ СПОДЕЛИВ ЕДНА ПРЕМНОГУ ВАЖНА СЛУЧКА;МОЕТО ПРВО ПРОБУВАЊЕ НА "ТУФАХИЈЕ"!

IGORSEKE@PTT.YU    MANUFACTURA@ANTISOCIAL.COM

# GYMNASTICS

ЗОШТО ТОКМУ LAKA GIMNASTIKA/GYMNASTICS?

Кога на почетокот на нашето свирење смислувавме имиња, тогашниот наш пејач,кој што тогаш беше 4-та година средно,на часот по предметот "ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА" во учебникот прочитал дека на сите оние кои што работат досадни работи од типот на банкари,сметководители...т.е. на оние кои што постојано седат на своето работно место им се препорачува на секои 3 саата да прават 15 минутна лесна гимнастика( LAKA GIMNASTIKA) Подоцна,кога го снимивме првиот албум,песните ни беа на англиски,а името на српски,па бидејќи тоа ни беше чудно решивме да имаме англиско име EASY GYMNASTICS .Но,бидејќи тоа ни звучеше премногу раперски решивме да го задржиме само вториот дел од името.Сега повторно си го вративме старото име.

ЕВЕ ТОКМУ СЕГА ГО СЛУШАМЕ ДЕМОТО ЗА ВАШИОТ ТРЕТ АЛБУМ!КОГА?КАКО?.........

Албумот почнавме да го снимаме уште минатата година кога ги снимивме тапаните кај Кариш(АЛАН ФОРД) во Крагујевац.Тоа го направивме буквално за еден ден така што Кариш отиде да игра фудбал а нас не остави во неговата соба со миксета и компјутер,и ...снимаааај!!!Потоа во Рума почнавме да го снимаме останатото меѓутоа не ни се допадна звукот затоа што имавме лоша миксета.Во меѓувреме јас морав да бидам посериозен околу факултетот за да не одам во војска,ха,ха,ха...така да снимањето го оставивме за некои подобри времиња.Откако го преместив компјутерот од домот во кој што бев сместен во Белград во Рума кај тапанарот во соба ги наснимивме сите работи...потоа уфрливме некои гкупости како што се разни тропалки,свирчиња... Албумот ќе има 16 песни од кои што едната е преработка од PET SHOP BOYS и најверојатно како бонус песна ќе оди и една ствар од DEEP PURPLE.Албумот ќе излезе за "МАНУФАКТУРА".Тоа е таканаречена "Издавачка етикета" која што ја водиме јас и Мачак од НАБЛА. Досега имаме издадено еден албум на НАБЛА на ЦД-р, HOĆU?NEĆU! првиот албум+ живиот од Солун,и ЛАКА ГИМНАСТИКА двата албума на еден ЦД-р.Сега ќе издадеме еден дадаистички проект на еден наш другар и тоа е тоа.Знаеш,практикуваме да работиме само со другари!!!

ВИЕ СТЕ ДОСТА РАЗЛИЧНИ ОД ОСТАНАТИТЕ СРПСКИ D.I.Y. ГРУПИ.КОЈ ВЛИЈАЕШЕ НА ВАШАТА МУЗИКА И СТАВ и НАДОВРЗИ ГО ТОА СО ВАШАТА ЦЕЛ И СО РЕАКЦИИТЕ НА ЛУЃЕТО КОИ ШТО ИМАЛЕ ПРИЛИКА ДА ВЕ СЛУШНАТ!

Па,луѓето од првата постава на бендот беа повеќе онака,само заради музиката.Јас отсекогаш сум настојувал да свириме енергична и позитивна музика.А за тоа како не прифатија луѓето...на пример на нашиот прв настап кој што беше во Јагоди-

на во една спортска сала пред 2000 луѓе,поради нашиот невин изглед не ставија да свириме први,демек:Види ги овие какви се, што сега они нешто тука,бас... Ние излеговме и си го отсвиревме нашиот репертоар.А навистина изгледавме како да сме излегле од емисијата"Знање,имање"!!!Откако си ги отсвиревме песните луѓето не не пуштаа да се симнеме од бина,а и после настапот ни пристапија еден куп луѓе меѓу кои беше и еден сатанистички металец кој што не праша дали сме и ние поклоници на сатаната,ха,ха,ха...Најмногу луѓето не прашуваа дали ние воопшто имаме текстови или тоа нашиот пејач нешто си лупа напамет.Сме свиреле по цела Србија,но никогаш не сме биле дел од некоја сцена.Сметам дека е подобро да се работи со луѓето кои што се околу тебе.Мислам дека Српската сцена и не постои затоа што на пример анархо бендовите од Краљево никој не ги сакаше во Белград,а Белградските бендови ретко свират надвор од Белград.



СЕКЕ!КОЈА Е ТВОЈАТА ЖИВОТНА ФИЛОЗОФИЈА?И ОДГОВОРИ МИ ГО КОНЕЧНО ПРАШАЊЕТО ОКОЛУ ТВОИТЕ МУЗИЧКИ ВЛИЈАНИЈА?

Пред се јас сум индивидуалец.Меѓутоа, не сум индивидуалец кој што го боли кур за другите,туку едноставно не сакам да учествувам во некои колективи со луѓе кои што во тоа не влегле искрено.Затоа и се растури нашата прва постава.Ние имавме понуди од некои големи издавачи,сакаа да ни прават постер во некое списание...но јас реков НЕ ДОАЃА ВО ПРЕДВИД!Затоа што јас не сакам да правам музичка кариера.Јас едноставно сакам да свирам,преку тоа да запознавам нови луѓе од кои што ќе добијам некаква подршка за тоа што го правам(Тука малку зборувавме за тоа колку е битна подршката од луѓето од сопствениот град и во тој контекс Секе спомна неколку групи кои што пропаднале токму поради недостатокот од таа подршка!).Како и да е,се трудам да остварам колку што е можно повеќе контакти со луѓе кои што прават добри работи.А што се однесува до моите музички влијанија...јас како мал многу ги слушав The Beatles.Потоа се префрлив на Iron Maiden,за да после нив почнав да ги слушам D.R.I.,ха,ха,ха...Денес слушам се и сешто,но се разбира не и народњаци и техно.Сепак,најомилен бенд ми се No Means No.Ме воодушевува нивниот смисол за хумор,нивната свирачка техника...истотака сакам да слушам и метал,на пример Sepultura,Suicidal Tendencies...Сакам бендови кои што работат за напредок.(Тука доаѓа делот во кој што Секе ги "црни" МТВ бендовите од типот на Blink I82 и ми објасни дека и покрај тоа што не пуши,не пие и не се дрогира сепак не се претставува себеси како sXe и смета дека за разлика од оние "навлечени" пропаднати панкери вистински

# laka gimnastika

панк за него е во ова пропаднато друштво да живееш здрав и трезвен живот!!!)

БЕВМЕ ЗАЕДНО ВО МЛАДЕНОВАЦ НА ТРИБИНАТА ЗА ПРИГОВОР НА СОВЕСТА. КОИ СЕ ТВОИТЕ АКТИВНОСТИ ВО ТАА КАМПАЊА И КОИ СЕ ТВОИТЕ ПРИЧИНИ ЗА АКТИВНОТО УЧЕСТВО ВО ВРСКА СО ПРИГОВОРОТ?

Затоа што не можам да прифатам ниеден наметнат авторитет.Можам некого да прифатам за авторитет само своеволно,како на пример сега кога ја возев колата накај Младеновац и кога ги прифаќав советите од Сиќко околу моето возење,т.е.околу моите возачки недостатоци.Значи,во тој момент јас го прифатив него како авторитет затоа што тој навистина знае добро да вози!А тоа што некој со сила ми наметнува да одам во војска и да загинам во одбраната на некои апстрактни граници,никогаш нема да го прифатам Како можам да го изгубам животот за нешто во кое што не верувам а плус сметам и дека животот ни е се што имаме!

ШТО Е СО ЈАДЕЊЕТО(т.е. НЕЈАДЕЊЕТО) НА МЕСО?

Па,јас веќе од давна не јадам месо.Уште од мал почна да ми се гади месото кога ги гледав постарите како јадат желудници,мозоци,јазици...од животни.Отсекогаш ми било жал за животните!Еве на пример,јас толку сум и влијаел на мајка ми така што таа сега 6 дена во неделата се храни вегетеријански и постојано зборува дека и таа еден ден ќе стане вегетеријанец...

...е тука веќе по втор пат(не ми се верува)ми се тропнат батериите.Првиот пат тоа ми се случи со интервјуто на Врисак генерације кое што ќе можете да го читате во фанзинот на Жица,меѓутоа тоа е веќе друга приказна!На крај Секе ми порача наместо неговите одговори да уфрлам мисли од некои познати филозофи за целото интервју да звучи ептен паметно,хе,хе,хе.......

# gymnastics


КАКА.БРОЈ 5."АРСО МИШКОВ" 23 1000 СКОПЈЕ (02)...




Saudara # 3 and 4

Interviews: The get up kids, fairfight, Agathocles Upfront, confirmed kill, Atom and his package. Christopher Mora and Stretch Armstrong.

Columns: Too many to mention!

For wholesale and single order please write to: saudarazine@hotmail.com

Hayatullah
Blk 110 #02-2288
Bedok North rd
Singapore 460110

Syed Ismaa'eel
Blk 283 #02-117
Tampines st 22
Singapore 520283

HZDC PRESENTS



# ZINE

INTERVIEWS:
P FRONT,
.J. BLOODLINE,
ROTHER'S KEEPER,
ALEL, WINDFALL,
OVED AND HATED,
ON OF SCUM,
NDLESS, GOD FORBID,
HOKE, COMIN' CORRECT
-MAIL:
SMUT_GORGI.YAHOO.COM

PRICE:
60 DEN.

ОВИЕ МОМЦИ СВИРЕА ВО СКОПЈЕ НА АНДЕРГРАУНД ФЕСТИВАЛОТ.ТОГАШ СЕ ЗАПОЗНАВ СО НИВ,И СЕУШТЕ СУМ О.К. СО ОВИЕ МОМЦИ ЗАТОА ШТО РЕДОВНО СЕ ДОПИШУВАМ СО НИВНИОТ ГИТАРИСТ МИЛАН ТИЦА-ЧИЧА. ИНТЕРВЈУВО Е ПРАВЕНО ТОКМУ СО НЕГО.ЧИЧА БЕШЕ ЉУБЕЗЕН И МИ ГО ИСПРАТИ НИВНИОТ АЛБУМ(ЧИТАЈ РЕЦЕНЗИЈА) И НЕКОЛКУ ФЛАЕРИ,СЕ СО ЦЕЛ ПРИКАЗНАТА ОКОЛУ НАШЕТО ПРИЈАТЕЛСТВО ДА БИДЕ ПОУБАВА!

MILAN TICA,OMLADINSKA 85,78 000 BANJALUKA,BiH CHICHABL@YAHOO.COM

# revolt

НА ШТО ПРВЕН ПОМИСЛУВАТЕ КОГА НЕКОЈ ЌЕ ВИ ГО СПОМНЕ ЗБОРОТ МИР?

Прво на што помислувам,кога е зборот мир во прашање е тоа колку време помина откога тоа навистина постоеше во подрајјето на бивша Југославија.Сега сите ние живееме во своите резервати плашејќи се едни од други,некој без куќа,некој без најблиските,некој ... заканите во беда и сиромаштија,културно осакатени и неспремни да си простиме едните на другите за заедничките глупости и лажења,и секогаш под будното око на странскиот фактор (читај окупатор).

КОИ БЕА ВАШИТЕ МОТИВИ ЗА ДА ФОРМИРАТЕ БЕНД,И ДАЛИ СЀУШТЕ ВЕ ВОДАТ ИСТИТЕ ЖЕЛБИ И ИДЕИ?

Тоа што беше мотивација за да го почнеме бендот,беше потребата да ја исфрлиме негативната енергија од себе преку текстовите,музиката,односно да го покажеме својот животен став на еден поинаков начин,бидејќи нашето име е е ставот кој што мора да го следиме и оправдаме.Се разбира дека сеуште не водат истите идеи!!!

БЕВТЕ ВО СКОПЈЕ!ПОСТОИ ЛИ ГОЛЕМА РАЗЛИКА ПОМЕЃУ СКОПСКАТА АНДЕРГРАУНД СЦЕНА И СЦЕНАТА ВО ВАШИОТ ГРАД?

Пред војната,поточно на крајот на 80-тите,Бањалука имаше силна андерграунд сцена и бендовите кои што тогаш постоеја навистина живееја живот кој што се поистоветуваше со музиката со која што ја свиреа.Денес се е поинаку затоа што војната ја скрши искреноста на таквиот начин на размислување воопшто,а камоли на таквите ставови во музиката!!!Значи,повторно сме на почетокот на создавањето на една нова смена,додека кај вас се то тоа најнормално функционира.

КОИ СЕ БЕНДОВИТЕ КОИ ШТО НАЈМНОГУ ВЛИЈАЕЛЕ И СЕУШТЕ ВЛИЈААТ НА ВАШИОТ СТИЛ НА СВИРЕЊЕ И НА РАЗМИСЛУВАЊЕ?

Тешко е да се набројат тие бендови бидејќи отсекогаш сме слушале најразлични музички правци поврзани и неповрзани со HC-от. Јас лично покрај жестоката музика слушам и даб,реге,трип-хоп а во последно време со задоволство им се навраќам на Fugazi и Bad Brains. Едноставно не можам никого да издвојам кога се во прашање влијанијата...најверојатно секој по малку.

КАКВА Е СЕГА АТМОСФЕРАТА ВО БОСНА?ДАЛИ БАР МАЛКУ СЕ ЗАЦЕЛИЈА ВОЕНИТЕ РАНИ?ЖИВЕАТ ЛИ СРБИТЕ, ХРВАТИТЕ И МУСЛИМАНИТЕ ЗАЕДНО?

Мислам дека на тоа прашање веќе одговорив на почетокот на интервјуто.

ДАЛИ СТЕ МЕСОЈАДЦИ?И ДА СТЕ И ДА НЕСТЕ КАЖЕТЕ МИ ЗОШТО?

Сите во бендот јадеме месо од нашето раѓање и тоа го сметаме како право на определување кога е храната во прашање,како и што го подржуваме изборот на оној кој што не јаде месо.

пост-рок,амбиентал и трип хоп.(Е,па морав да ги напишам на кирилица.Ова е сепак машина за пишување на кирилица,хе,хе...) Перо(вокал)студира,Кале(бас)тонец во радио,Драшко(вокал)има домашен киоск,Џуре(гитара)незапослен,Боле(тапани)незапослен, свири во реге групата Fear Out.

ПОСТОИ ЛИ ПРИГОВОР НА СОВЕСТА ВО БОСНА?ДАЛИ НЕКОЈ ОД ВАС БИЛ ВО ВОЈСКА?

Што се однесува лично до мене,а веројатно и на другите од групата,приговор на совеста не постои затоа што никогаш не сме се заебале ниту пак сме падналe на таа финта со поединечното загрозување на еден од босанските народи(Изгледа Чича не го разбра баш најдобро прашањево!?).Тоа беше војна во која работниците, селаните,бедата војуваа на сите три страни додека политичарите на сите три народи шверцуваа дрога,оружје, нафта и територии.Сите бевме во војска.



ШТО ВООБИЧАЕНО ВЕ ПРАВИ СРЕЌНИ/НЕСРЕЌНИ?

Тоа што вообичаено не прави среќни е свирката,небитно дали тоа е концерт или правење на нови песни,пријателството,семејството,патувањето и запознавањето на нови луѓе.Тоа што не прави несреќни е корумпираната власт, корумпираниот чиновнички кадар, бирократијата,гетоизираноста, невозможноста за нормален живот, лицемерството,позерството,неморалот,криминалот,заостанатоста..

ЗАПОЗНАЕТИ СТЕ СО "ВОЈНАТА" ВО МАКЕДОНИЈА?!КАКО БОСАНСКИТЕ МЕДИУМИ ЈА КОМЕНТИРААТ МАКЕДОНСКАТА СИТУАЦИЈА?

Мислам дека медиумите за војната во Македонија известуваат објективно, барем кога се во прашање медиумите од нашиот ентитет(?) (Република Српска) додека медиумите од другите ентитети не ги пратам поради неможноста да ги гледам тие ТВ канали и радија.

МИ КАЖА ДЕКА ПОДГОТВУВАТЕ ЦД ИЗДАНИЕ!ДАЛИ ГО ИЗДАДОВТЕ?

Издадовме ЦД минатата недела и тоа како самоиздание/Do it your self/и почнавме со дистрибуција во Бањалука.Планираме и промотивен концерт кон крајот на Септември во нашиот град.(Концертот се одржа!)Подоцна ќе свириме каде што ќе можеме да договориме промотивни концерти.

КАЖИ МИ НЕШТО ПОВЕЌЕ ЗА ВАШИТЕ ЖИВОТИ,ШТО ПРАВИТЕ ДРУГО ОСВЕН БЕНДОТ,КАКО И ОД ШТО ЖИВЕЕТЕ...?

Јас на пример заедно со другиот вокал Перо свирам во уште еден бенд кој што се вика Jubboko sa Negrass. Музиката на оваа група е сосем поинаква и претставува кросовер на даб,драм енд бејс,

КОИ СЕ ОСНОВНИТЕ РАБОТИ КОИ ШТО ВЕ ВОДАТ ВО ВАШИТЕ ЖИВОТИ?ВЕРУВАТЕ ЛИ ВО ЉУБОВ,ПРИЈАТЕЛСТВО?

Тоа што не помрднува е чистата

Фанзин за деца кои што-ме-им вржа...

енергија и нашето слободно демократско право да го кажеме нашиот став за се. Веруваме во љубовта и во пријателството.

БИ МИ ПОРАЧАЛЕ ДА..........?

...си го чуваш грбот и пријателите! Многу поздрави за Васко од групата РЕВОЛТ! За инфо и фотографии проверете на **www.bl-metal.8m.com**

Заборави дека си роден! Сети се мораш да умреш! Затоа побрзај! Заеби ја пр...

bloodshed paranoiarec. terrorrec. trujaca fala & humanitanova(019) present

## e.m.s. / nula split LP

e.m.s. hardcore

e.m.s. (A) are relatively new band and their music is streched from classical "deutschpunk" to intense newschool emocore. from recently they are definitely one of the most active groups in their surroundings

after full five years nula comes with some new studio material continuing with their protest expression mixing several types of hardcorepunk feelings



## (HN020) nula / bagger split mc + booklet

nula with the same material as on split LP w/e.m.s.

bagger (ch) are postapocaliptic theatrical horror madmax hc/crustpunk and for which I really hope that during your lifetime you'll get the chance to see their liveshow somewhere. instead of lyrics the booklet is filled up with their excellent original illustrations. this material has also been published on their split LP w/Lieselotte

НАШ
КАКА

Corrupted



CORRUPTED
La Victima Es Tu Mismo 7" EP
heavy, slow & depressive hc

4 USD ppd. Europe / world surface
5 USD ppd. world air mail

VIEW BEYOND records
c/o Pavel Tušl PO Box 26 Stribro 34901 Czech Republic
phone: +420 (0)602 205827 e-mail: vbeyond@atlas.cz

COR, CORDIS
[срце, душа, ум, разум]
vasilg@hotmail.com
COR, CORDIS
[срце, душа, ум, разум]

Фанзин за деца кои што не им викаат "Добар ден" на лошите чичковци и тетки!

Добро е! Доколку веќе стигна до рецензиите, тоа е знак дека речиси си го прочитал целиот фанзин (Ако не си почнал/а од позади или пак ако читаш само рецензии). Како и дае повторно имате многу рецензии. Сигурно приметувате дека во секоја рецензија имате контакт адреса!!! Затоа доколку некој бенд, фанзин...ви се виде интересен, тогаш слободно контактирајте го!!! Сцената ја прават контактите!!! Не ми замерувајте доколку некои рецензии личат една на друга, затоа што сите материјали ги рецензирав сам!!

**"Gapin Hanus" present: The bright side of the death**

Монти Пајтон ги знаете сите! Никој (Добро де, речиси никој) не ги знае бендовите од оваа компилација. Е, сега пази! Тие бендови свират преработки на класиците од овие "општопознатите"! Масакар!! За адреса јавете се затоа што ги има само адресите од бендовите! Па и само тоа ви треба!

**I just got these demo tape!**
greasy@lycos.co.kr

Касетава ми е закон! Ако ептен го уважувате моето мислење тогаш и не морате да читате понатаму, туку веднаш пратете мејл во Кореја. Како и да е...факт е дека касетава е 4 way split на The Stewducts/S.Corea/, December I2/Japan/, Out of Commission/U.S.A./ & DxPxAx/Israel/. Срањево е тотално "Направи сам Мислам дека само ваков тип на касети можат да ја дигнат нашата сцена затоа што лесно се прават!!! Контактирајте го типов доколку имате снимки затоа што тој бара бендови за неговото идно издание!!!

**AKTIVNA PROPAGANDA/SODNI DAN-split cass.DHP/AK47**
klasnirat@inet.hr

Додека се сртевте еве го повторно Фистра со неговите касети!! Неговото 21 издание е сплит касетата на овие два словенски HC бендови. Како и секогаш, кога се во прашање Фистрините изданија оваа касета е беспрекорно добро направена!!! Школо!!! Што се однесува до бендовите, тие се со сличен звук( hc/crust/scream7noise ) ...AKTIVNA PROPAGANDA сепак повеќе ми се допаѓаат иако и двата бенда се прилично изедначени и ангажирани! Набавувај!!

**DEMANT-Najbolji-cass.**
D.Renarića32,48260KZ,Hrvatska

Хрватите дефинитивно ни држат лекции! Касетава е пример за тоа (Подобро да не го спомнувам Фистра)!!! Бендот кој што ја има енергијата (а додуша успеале да и влезат во траг и на продукцијата) на едни **Warcolapse** дефинитивно мора да се слушне! Јуриш!

**SWALLOWED BY MACHINERY/no.1WA cass.** http://www.forthazel.com

На касетава пишува дека треба да има 12 бендови, меѓутоа на копијава која што ја рецензирам има само 6. Б страната воопшто не постои! Изгледа ја изела мачката, или ја растргнале кучињата!!! Најверојатно оваа касета се дели заедно со фанзинот кој што ја издава. Поголем дел од бендовите се гитарски емо нојз освен последниот шугав металски бенд кој што гарант се претставува како HC!!! Сешто...хе,хе,хе,хе........

**SHOTGUN WON-demo tape**
amberwaawes@aol.com

Гаража во најпозитивниот контекст!!! 4 девојки кои што ве убиваат на лице место! Ајде бејби, пукај! Ајде, погодиме!!! Вокалот потсетува на пејачката на Godless!

**FURY III-Suprise...an antelope head-cass.Fort hazelmagic P.O.boxII92Boise Id83701,USA**

Ептен меланхоличен гитарски емо кој што доаѓа од Сиетл (Ех, што ли беше тоа?!). Се звучи сосем О.К., дури можам да кажам и дека прилично долго ја вртев касетава! Во промото пишува дека ова е музика за оние кои што размислуваат. Па и погодиле, хе!!

PACO GARDEN RECORDS






**CRISPUS ATTUCKS**
"Red Black Blood Attack" -12"
15 brand new tracks from Maryland's thrashcore heros Their third and most unforgiving album delivers thoughtful social and political lyrics alongside brutal hardcore. There, of course, is a very heavy skaterock influence present in the recording, though this is much tougher than previous releases. **(PGR 013)**

**ANGELS NEVER ANSWER // DEADLOCK FREQUENCY**
split 12" & CD
Head to head hardcore vs. metal. This record has so much energy, adrenaline, and anger it will tear your throat right out from between your head and your body. Think somewhere between Slayer, Sick Of It All, Botch, Econochrist, and Brittney Spears. **(PGR 012)**

P.O.BOX 18455 DENVER,CO 80218-0455
www.pacogarden.8m.com

Доказ за тоа сум јас,хе, хе,хе... Кога веќе спомнав дека се од Сиетл(ааа, сега се сетив што беше тоа!! Па,гранџ нормално курт,мурт...) сакам и да констатирам дека доколку на почетокот на деведесетите тогашните бендови(знаете веќе..курт,мурт..)продолжеа со филмот кој што го има овој бенд немаше да се случат многу глупости и шиткања!!

THE RETURN OF THE X MEN-7"/Commitment records/"Klein Muiden 38,1393RL Nigtevecht,Holland commitment@poisonfree.com
Commitment records е една од најдобрите европски sXe издавачки етикети!Нејзиното прво издание е 7" на Youth of today-Live in Amsterdam.Оваа синглица (рецензираната)всушност е реиздание!Оригиналното издание содржи две 7".На тие плочи се живите снимки на бендовите кои што настапиле во 1997 во Амстердам на фестивалот на кој што никој не пушел!!!Причината за ова реиздание е заинтересираноста на огромен број sXe клинци за плочава и после распродавањето на нејзиниот прв тираж. Покрај измената во бројот(поради тоа второто издание има еден бенд помалку)на синглиците второто издание има и поинаков омот.Најпознат(а воедно и најдобар)бенд на компилацијава се "генијалците"By the grace of god,европските sXe ветерани Mainstrike,моите омилени Vitamin X, а тука се и инзвонредните One X more,Soberesponse,Oil & Guiding line кои што се само уште еден доказ(всушност уште неколку)дека sXe сцената во Европа пред себе има уште многу добри моменти!!!

CROSS ME-Drug free zone-7" -Commitment records-
Иксови на рацете,слики во скок трезвени и позитивни текстови кои што понекогаш дури и им по кажуваат заби на зависните насилници!!!Да другари!Едно е сигурно:Youth crew духот ќе гори се додека постојат волку добри бендови!CROSS ME се француска sXe екипа која што веќе ги има сите карактеристики на еден зрел бенд!Свирката им е брза и динамична,а вокалот на моменти е прилично брутален. Ги сакам затоа што со себе го носат позитивниот дух на "старите добри времиња" за sXe-от и за HC-от воопшто!Препорачувам ливо за сите!!!

CORN DOGGY DOG&THE I/2LB.-Skunk
Long beach records
ounkrawk5I @ hotmail.com

13 напорни песни од овој лош калифорниски бенд.Ако некогаш треба да одам на пуст остров и бидам примoран да изберам само еден албум кој што ќе смеам да го земам со себе,тогаш сигурно нема да го изберам овој!

CORN DOGGY DOG&THE I/2LB.-Long beach records/Skunk

Еве го повторно досадниот бенд! Навистина не сакам да бидам злобен и повторно да ги "исечам" меѓутоа навистина после преработката од Ванија ajc,сметам дека момциве се вистински дебили,или пак да се изразам народно:"Си немала мечката работа, па си ја чешала пичката!!!"

WINDFALL-Loud with the windows open,so the neighbors can hear -Smorgasbord records-

Се работи за емотивен пост панк бенд во кој што гитарист е Jeff/UP FRONT/Terranova.Ова е нивни втор албум.Сите 9 песни се вистински мајсторски парчиња кои што се одликуваат со одлична продукција и свирачка техника.Сепак бендот е препознатлив по прекрасниот женски вокал.Однеодамна ги напушти басистот,па поради тоа мораа да ја откажат европската турнеја.Сепак овој бенд продолжува со својата добра работа,а европската турнеја е презакажана за во Април.

КАКА,БРОЈ 6,"АРСО МИШКОВ" 23,1000 СКОПЈЕ.(02

CHARLIE DON`T SURF/THE PEOPLE`S WAR-Split CD-r.Good Samaritan records.zule_dgsd@hotmail.com

Навистина ми се допаѓа дизајнот на ова издание. CHARLIE DON`T SURF се ангажиран бенд од Белград,што е вистинска реткост,а воедно и пријатно изненадување.На сплитов звучат дури и подобро од Американците!Тој Американски бенд се момците од Мемфис THE PEOPLE`S WAR кои што свират навистина добар и искрен HC!!!Ако рецензијава за вас не е добра препорака,тогаш навистина не знаете да разликувате добро од лошо,што секакое проблем кој што ќе морате сами-те да го решите!

REJECTED YOUTH-Not for phonies CD-Halb&Bandworm records-
contact@rejectedyouth.de

Ако сакате да слушнете ептен добар панк рок со искрени текстови , тогаш ја читате вистинската рецензија!Бендов е крш!Возеше од почеток па се до крај!!! Како бонус на овој албум се наоѓа и нивниот комплетен 7"EP од 2000 "Screwballs" За оние кои што потешко сфаќаат ќе повторам уште еднаш!Се работи за пеколно добар панк рок бенд со OI! дух во текстовите!!!

JEDAN PO JEDAN 3,A5,72,srp.
jpj_zine@email.co.yu

Е вака треба да изгледа вистински "направи сам" фанзин!Обожавам кога фанзините со себе го носат овој "исечи и залепи" ентузијастички и искрен дух.Плус со Цоле и со Војо(едни од уредниците на овој фанзин)си поминав 2 прекрасни дена во Белград во кој што можев да се уверам дека момците кои што го прават овој фанзин се вистински фаци! Се на се,одличен фанзин!!!

Д.Р.Н.Ч. 0,A5,44,срп.

Ептен мрднат дувачко/пијандурски фанзин од Белград.Се изнасмеав слатко додека го читав.Фанринов е вистински факултет за позитивност!За жал без адреса.

BORBA 4,A3,4,hrv.
solidarnost2000I @ yahoo.com

Овој њузлетер е класика кога се во прашање информациите од прва рака кои што се однесуваат на директните анархистички протести,активности,директни акции...Во овој број доминираат Анти-Г8 демонстрациите!!!Како и обично Фистра повторно експериментира со форматот.

SHIZOGEN 0,A4,20,srp.
www.DRK.EXIT.de

Уште една отровна стрела која

што повторно кон репресивниот српски државен апарат ја насочува никој друг туку легендарното старо Краљевачко панкериште Поп(Другар,не се лути за она...старо,ха,ха,ха...)Внатре многу информации околу глобализацијата,интервју со Триво Инџиќ,хакерство...и неверојатно добриот дизајн од кој што ми се смрзнаа јајцата!

"ЖИВОТНА МОНОТОНИЈА"од Владимир Муратовски
Влатче ја издаде својата прва поетска збирка во која што можете да прочитате прекрасни песни за љубовта,социјалата,суровоста на животот...Ова е вистинска посластица за љубителите на искрената поезија!!!

NIKADA NE RECI NE IO,A4,4,srp
dj.obradovic@cg.yu
Ова е информатор кој што го прави Гвидо,човекот кој што некогаш ја водел најголемата дистрибуција во Југославија а воедно и N.T.T.B.W. records со која што издаде неколку легендарни 7"-а.Се приметува дека информаторов го прави искусна HC фаца,меѓутоа со читањето добив впечаток дека Гвидо ја има изгубено довербата во HC сцената!

NON VIOLENCE 2,A5,24,mak.
vojce@freemail.com.mk
После подолга пауза еве го и второто продолжение на овој Македонски фанзин во кој што повторно анархизмот и екологијата се главните теми!Знам колку е тешко да се направи фанзин и го почитувам трудот вложен во неговата изработка,меѓутоа сметам дека во иднина Војче треба да се потруди повеќе околу неговиот фанзин.Погледнете го интервјуто со ГИМНАСТИКС и ќе ви стане јасно за што зборувам Сепак,овој фанзин ја заслужува вашата подршка!

SPIRIT 1/2,A5,76,eng.
smut_gorgi@yahoo.com
Не ми се верува!Па дали ова навистина се случува...уште еден Македонски фанзин!!!Морам да приметам дека е доста обемен(76) што е секако за пофалба.Во тие страници можете да прочитате многу интервјуа(претежно со металиизирани HC бендови),многу инфа и рецензии.Дефинитивно овој фанзин е еден од подобрите кај нас!Единствено би го советувал Ѓорѓи да го намали ривалскиот дух(Како поинаку да го протолкувам тоа што првиот број му е двоброј?!)и да и посвети повеќе внимание на домашната HC сцена!!!Подржете го овој фанзин и запамтете : СОРАБОТКА,А НЕ РИВАЛИТЕТ!!!

v/a China punk-cass.
SHIT MAKER...MAKING FUNNY... SHIT DOG...се најверојатно имиња кои што не ви значат ништо.Тогаш дозволете да ви објаснам.Се работи за кинески бендови кои што се нафурани на американскиот ска/панк од 80-тите Мене оваа касета ми е ептен симпатична иако не разбрав ни збор.Истотака од адресите ни траг ни глас!

HANDPLANT-s/t cass.Chaos rec.
handplant@handplant.cjb.net
Овде се работи за 8 убиствено исчукани парчиња.Штета што не можам да им ги разберам текстовите но и вака овој треш ме мрдна!Шпанска ангажирана адреналинска инекција!!!

XIII PFP-Words left unsaid-CD EP- XIIIPFP@hotmail.com
Многу се изненадив кога добив мејл од овие момци во кој што тие ме прашуваат дали може да ми пратат нивен промо диск$!! Бендот свири некој метализиран HC со прилично блекерски вокал. Ми се допаднаа нивните психо клавијатури.Продукцијата убива, а текстовите се лични и интелигентни.Истотака и дизајнот е одличен...така што и покрај тоа што не сум љубител на оваа музика овој бенд се избори за мојата почит.Ова EP е иштампано во 14.000 примероци и е бесплатно поделено низ целиот свет!!


SPIRIT
up front
what fire does
UP FRONT
movement
WIDE AWAKE
25 Song Discography
CD / $11.00 USA / $13.00 SURFACE / $15.00 AIR MAIL
CD/EP / $8.00 USA / $10.00 SURFACE / $13.00 AIR MAIL
coalition
THE IGNITION: From Friction To Fire
COALITION
"THE IGNITION: FROM FRICTION TO FIRE"
SMOR 026
7 SONG DEBUT CD/EP
INTROSPECTIVE AND PASSIONATE HARDCORE THAT BLENDS MELODY AND MOSH WITH FAST PACED AGGRESSION AND TALENTED MUSICIANSHIP.
Windfall
Loud with the windows open...
WINDFALL
"LOUD WITH THE WINDOWS OPEN SO THE NEIGHBORS CAN HEAR"
SMOR 025
9 SONG CD
POWERFUL FEMALE FRONTED HARDCORE/ROCK FEATURING EX MEMBERS OF SUPERTOUCH AND UP FRONT
FURY FOR ANOTHER
FURY FOR ANOTHER
"SELF TITLED" DEBUT 12 SONG CD
SMOR 023
THIS POSITIVE DC AREA BAND'S DEBUT ALBUM. FULL OF RAW CRUNCHING HARMONIES AND TUNEFUL ENERGY. FAST, LOUD, AGGRESSIVE HARDCORE TO KEEP THE KIDS SKATING, SMILING, SLAMMING, AND SINGING ALONG.
DEAD 50's DEAD
STANDING ON THE EDGE OF FOREVER
DEAD 50's
"STANDING ON THE EDGE OF FOREVER"
SMOR 022
10 SONG FULL LENGTH CD
HELL RAISING PUNK INFLUENCED ROCK 'N ROLL HAILING FROM HARRISBURG, PA.
MP3 FORMAT DOWNLOADS BY THE ENTIRE SMORGASBORD CATALOG AVAILABLE EXCLUSIVELY AT
eM emusic
WWW.EMUSIC.COM
SMORGASBORD RECORDS
P.O. BOX 5392
MILFORD, CT 06460
SMORGBRD@IX.NETCOM.COM
WWW.SMORGASBORDRECORDS.COM
SASE FOR FULL CATALOG
FEEDING THE SCENE
SINCE 1986
Smorgasbord Records • P.O. Box 5392 • Milford, CT 06460
Phone (203)877-5750 • Fax (203)877-5950
email: smorgbrd@ix.netcom.com • web page: http://www.smorgasbordrecords.com

**FAIRFIGHT-The neverending road 7"-Commitment records-**

Уште едно издание на Commitment Значи,уште еден добар sXe бенд! Дај уште...дај,дај...уште,уште! Прилично мистичен омот за едно sXe издание кој што морам да признаам дека воопшто не ми се допаѓа,меѓутоа како надокнада за ова "промашување" ги имаме интелигентните текстови и убиственото музицирање кое што ме освои Значи,после сите пресметки резултатот е:"Никој стрејтер без ова!!!"

**THE PINK PANTHERS-s/t cass.& 2001 demo. micky27@libero.it**

Тро рифовски а ла Рамонс едноиполминутни песнички.Ништо ново! Да,но кога тие песни ги прават три Италијански девојки со изглед на "бубалици" тогаш фолмот е сосем друг.Едно е сигурно:"Девојкиве се ЗАКОН кога се во прашање мелодичното и моќно свирење.Кога на тоа ќе се додадат текстовите за дечковци ви останува само да кажете:Ооооооо...и да го расипете касетофонот од слушање на овие касети!!!!!!

**S.C.A.B.No3,A5,48,Eng. vlada@scabzine.net**

Отсекогаш на сцената постои нетрпеливост помеѓу ангажираните фаци и "ние сме овде само поради музиката" личностите.Мене лично не ми сметаат луѓето кои што само слушаат музика,меѓутоа ми смета кога тие луѓе имаат предрасуди за вегетеријанството,анархизмот,SxE-от...Луѓето кои што го прават овој фанзин и не кријат дека ги интересира само музиката и дека не им се допаѓаат левите радикални идеи.Фанзинот е само за музика(исклучок е делот на хулиганите),има супер дизајн,штампан е и е пишуван на одличен англиски!

**COR CORDIS бр.2,A5,44,мак. vasilg@hotmail.com**

Опа!Еве го и вториот број на КОр КОРДИС(Извинете поради овие граматички грешки).Повторно печатен,меѓутоа овој пат на поквалитетна хартија.Искрено,ме изненадија со брзината на појавувањето на овој број!Браво момци!Тоа и ни треба,жив фанзин!!!Содржината остана речиси непроменета по стилот на музика кој што го "фураа" во првиот број!Искрено,мислам дека не треба во фанзин(посебно не во македонски)да се пишува за Метал хамер МТВ сцената и да се објавуваат концертни рапорти од фестивал во организација на Пепси.Сепак,тој нивни трип е разбирлив затоа што овој фанзин има амбиција да еволуира во магазин(Тоа се зборови на еден од уредниците).Колку да не ми се допаѓа овој нивни став сепак го почитувам трудот кој што овие луѓе го вложиле во изработката на нивниот фанзин.Рецензијава има заби, ама барем е искрена!!!

**HEARTATTACKNo.30,A4,88,Eng. heartattack@ebullition.com**

Ова е еден од ретките навистина големи(10.000 тираж)но,сеуште искрени фанзини.30-тиот(Мајски)број ни го носи веќе вообичаениот квалитет.Две интервјуа (Le shock,Bury me standing) мноооооогу колумни и реклами за разноразни гомнарии(изданија, турнеи...)и ептен мнооогу рецензии.За жал сеуште го немам видено Ноемврискиот број,меѓутоа не серете и бидете задоволни и со ова затоа што Штеф ги нема продадено уште сите примероци од 29-тиот број!!!

Друг пат кога купувате цигари или пиење размислете дали сте панкерот кој што ја подржува сцената,или пак своите 40 денари(цената на овој фанзин)ќе и ги дадете на државата за да може да купи оружје кое што ќе го употреби кога и дае и против вас!!!!

Што викаш?Нема шанси!!!Е,па... ај да се кладиме!!Не ми е жал што ќе ти ги земам парите затоа што ти и така си лузер/ка! Не е време за китење муда!!!

EQUILIBRI OPRECARIO 5,A4,64,it
Овој фанзин го купив затоа што во него пишуваше за FUGAZIа + со фанзинот одеше и гратис диск од италијанската група TEDIO Кога го отпакував фанзинов(затоа што беше спакуван во најлон)се разочарав кога видов дека е пишуван на италијански,меѓутоа за цена од 5 марки и не поминав толку лошо бидејќи дискот навистина ме "извозе".Е,уште да знаев италијански...
inequilibrio@tin.it

PRIGOVOR 8,A4,16,srp./Žene u c/
Доколку редовно читате КАКА,тогаш знаете што е ПРИГОВОР.Заборавете го овој цепачки вовед,но не заборавајте се почесто да размислувате што можете вие како поединци да допринесете околу ПРИГОВОРОТ НА СОВЕСТА.
Во овој број можете да прочитате за акцијата во Србија во која што се собраа 30 000 потписи со кои што неколку анти воени организации поведоа законодавна иницијатива за измени во законот на војската на Југославија,т.е. се изборија за признавање на правото на приговор на совеста во Југославија.Во ПРИГОВОР истотака можете да го прочитате извештајот на Боби(Бабарога) за воената криза во нашата земја,Приговор на совеста во Парагвај,за акцијата на собирање на потписи,прекрасен стрип адаптиран на текст од Лав Толстој,интервју со една германска мировна организација,приказната на Сиќко за неговите искуства со воената полиција... Нормално,ПРИГОВОРОТ е бесплатен затоа доколку сакаш да го прочиташ дојди на КОЦКА!!!

COALITION-The ignition:"From fiction to fire"/CDep/Smorgasbord records
Дали Smorgasbord се враќаат кон своите sXe корени?Тоа и не е толку важно затоа што најважен за оваа рецензија е фактот дека овој бенд е вистински "убиец"!!!Свирка како во "старите добри времиња" збогатена со современа продукција и прециз-ни промени на ритамот!!!Искрени текстови со sXe страст!Како ти звучи ова,а?

FURY FOR ANOTHER-s/tCD-Smorgasbord records
Вашингтонски HC бенд кој што отстапува од класичниот тмурен DC звук.Причината за тоа е полетнопозитивната енергија која што овој бенд ја испорачува со својата симпатична свирка.Можеби за некого ќе биде интересен податокот дека нивната басистка без проблем може да биде холивудска глумица!Ова е некој вид на мутав комплимент.Резултатот на оваа рецензија е:"Буката која што ја испорачува ова SKATE трио е одлична!Проверете ги!!!

DEAD 50's-Standing on the edge of forever-CD.Smorgasbord rec.
Ауyyyy...еве уште еден од оние бесни рокери кои што сеќеси се нарекуваат панкери.Се разбира и овој бенд го има оној мизичко/ебачки став кој што веќе почнува страшно да ме нервира.Како што некој паметен рецензент предходно веќе кажал:"Ова не е мојата шолја со чај!!!Толку!!!

KLING-ONS-Drop your bomb-7"-Bad man records.
Факт е дека овој бенд јаде живи деца.За разлика од предходниот бенд...овој бенд е вистински рок бенд со панк корени!!!Четири мрднати парчиња кои што ќе ве натераат да размислите зошто овој бенд не е на некоја поголема етикета а звучи ептен подобро од големите педерски бендчиња со испеглан звук.Најверојатно затоа што само"ЛОШИОТ ЛОВЕК" може да извади волку добра плоча!Единствено не ми се допаѓа омотот на кој што нема никакви информации за бендот.

LOUSY-Bullet on the rocks-7" Bandworm records.
Бенд кој што со своето панк рок возење и текстови сака да избега од класичниот германски индустријализиран живот кој што неспречливо се заканува на нивните млади животи.Не знам дали

INTOXICATE/RADIKALNA PROMJENA-split cass.-DHP/AK47

Ауууууу!!!Многу добра касета!!! INTOXICATE со својот crust/HC со два вокала(еден груб и еден вриштечки)ми ги размрдаа јајцата и со тоа ме доведоа до состојба на апсолутно опуштање,а RADIKALNA PROMJENA како и неколку пати до сега со својата неверојатно добра и оригинална свирка ме натераа да си ја дупнам главата и така издишан да уживам во младоста(ха,ха...добро,сега малку претерав со оиразиве,ама.....ха,ха...)Злобно,нема што!!! BUY OR DIE YOU STUPID FUCKER!

Искрено не верував дека во Америка постојат сеуште волку искрени sXe фаци.Всушност овој њузлетер го прави еден човек /Nick/ кој што пее во sXe бендот NO TIME LEFT и ја води стрејтерската етикета Third party records. Њузлетерот е бесплатен,затоа доколку се заинтересиравте пишете му на човекот!

NABLA-s/t CD-r&cass.Manufaktura. oops@gendergosa.co.yu

За овој бенд(читај интервју) би рекол дека со себе го носи духот на ангажираните бендови од доцните 80-ти.Вокал на овој бенд е Мачак,уредникот на легендарниот фанзин OOPS.Материјалите на овој албум се малку постари(99)меѓуроа и со овој материјал бендот ми го привлече вниманието.Текстовите се лични и прилично АРТ-овски!!! Најверојатно овој бенд во средината на Јануари ќе го гледаме во Скопје,а можеби и во Прилеп.Доколку рецензијава ве заинтересира,тогаш корисно ќе ви биде информацијата дека овој албум го има на НС дистрото

EXISTENCH/AK47-split cass.-DHP/AK47

AK47 уште еднаш(којзнае веќе по кој пат)го имаат ексклузивното право за дробење на нашите мозоци и кршење на капиталистичките синцири! Канадските кршачи на глави EXISTENCH ви испукуваат уште неколку убиствени живи проектили со што успешно ја завршуваат мисијата!Креш,бенг,бууум,дренг.....




CRUST IS DEAD!!!-4 way split cass. Požega is BACK!!! FIGHT BACK,DISLIKE, STARVATION и APATRIDI се доказ(и тоа ептен бучен!) за тоа.Толку од вас,мамини синчиња и ќеркички! Време е за цртанион филм!!!Касетава е полна со бука,влакна од суканици,повраќаници,бунт!!! За сето ова да биде реалност се погрижија дури 6(!!!) издавачи, мои драги дами и господа!Би ја искористил оваа прилика за да ги споменам нивните имиња:Fecal forces production,DHP/AK47, SHD tapes,Tko je tvoj neprijatelj?!,Carpe diem &Scorbur rec.

THIRD PARTY NEWSLETTER-A4,8,en. thirdxparty@aol.com

TIBIA-One in every second-epис F.U.R.-maxa66@tesla.reub.bg.ae.уа Овој бенд би требало да го знаете од интервјуто во предходниот број на КАКА.Ова е нивно прво издание,и мислам дека како за прв пат е ОДЛИЧНО!Бендот е супер емотивен,а можев и лично да се уверам во нивниот моќен жив звук.Навистина ви го препорачувам ова ер.Можно е нивната мејл адреса да не е точна затоа што на омотот не се гледа убаво.

REVOLT-U kuči bola-CD.r

Контакт адресата на овој бенд можете да ја видите во нивното интервју. Ова е нивниот прв албум.Повеќето од вас можеа да ги видат во живо на андерграунд фестивалот. Во прашање е инзвонредно отсвирен кросовер со песимистичка атмосфера.Пред 5 год. најверојатно ќе ми беа еден од најомилените бендови. Препорачувам (а тоа го препорачува и самиот бенд) овој албум да го слушнете повеќе пати.




LAKA GIMNASTIKA-demo '01

Ова демо всушност е нивниот нов(трет)албум без финален ремикс.Дефинитивно се работи за инзвонредно издание кое што ќе ве освои,ако не од прв пат, тогаш после неколку пати.Доколку сте љубител на NO MEANS NO тогаш без овој албум нема да можете да отидете ни за сереќе.Во очекување на официјалното излегување на албумов можете да ги купите нивните предходни 2 албуми(на еден диск)од НС направи сам дистро.

VITAMIN X-See through their lies-CD- S.O.A. records

Кога прв пат ги слушнав VITAMIN X и не ми беа баш некој омилен бенд.Меѓутоа колку што сега повеќе ги слушам,толку повеќе сфаќам колку сум се заебал порано.Овој албум е вистински КРШ!!!Сите 18 тотално луди sXe парчиња кои што ќе ве оборат на земја и ќе ве натераат да се шуткате со самиот себе!!! Неверојатно позитивно лудило!!!VITAMIN X е дефинитивно еден од најдобрите европски sXe бендови!!!!!!

VITAMIN X-People that bleed-7"-Havoc.

Повторно витамински напад. Овој пат со 12 убијци(валкани,бучни,брзи и...оригинални)на 7" за моите омилени Havoc records. Ако во предходната рецензија напишав дека се едни од најдобрите европски sXe бендови,тогаш во оваа рецензија пишувам дека VITAMIN X се еден од најдобрите светски sXe бендови.

ANALENA/UNISON-split 7"-Get off & Libber tea records.

ANALENA се пост/поп-панк бенд со женски вокал од Загреб.UNISON се емотивен/метализиран HC бенд од Белград.Мислам дека со оваа синглица и двата бенда ја завршиле вистинската работа. Убаво е што повторно прорработуваат врските помеѓу не-анархистичките бендови од Србија и Хрватска.За крај,би го пофалил арт-дизајнот на синглицата.

оделето во бареви ќе им помогне во тоа,но сепак тоа е живеен личен избор!!!Одличен арт дизајн на ова ер за овој одличен бенд со огромен потенцијал!

AK47-Gdje umire autoritet,rađa se sloboda-cass.DHP/AK47
klasnirat@inet.hr

Неверојатно добар ангажиран бенд!(Читај интервју)Буњо,овие имаат се:текст,музика,аранжман,продукција,дизајн...хе,хе,хе...Не,навистина ти викам Без заебавање!АК47 се закон!Плус со касетава добиваш бесплатна налепница(Во порамешната серија бесплатна пришивка) и БОРБА 2,5 во кој што има интервју со хрватски саботери на лов.Њам,њам...

LOS PRIMJER-Pozdrav dabru!!!cass DHP/AK47.los_primjer@hotmail.com

Еве ги и моите омилени.Работата стигна до таму што Пожега доби мелодичен бенд!!!Но,да не се лажеме затоа што момците од бендов се стари crust фаци кои што покрај овој бенд свират и во STARVATION,FIGHT BACK,APATRIDI...Слушни ја "Слобода" и се ќе ти стане јасно!!!Едно е сигурно.Кој нема да го купи оваа ќе гори во пеколот наместо да си го прчи со ангелите во рајот

VA "Varna Hardcore Point Of View" CD only
United & Strong
proudly presents
the power of varna hardcore/punk scene.
"Varna Hardcore Point Of View",
8 local bands, 16 powerful tracks recorded specialy for this issue.
don't miss to get it.
Available
$8 Europe / $10 world (ppd included)
Jivko Manev Strachil str.8, et.3 app.7, Varna 9000, Bulgaria
Mailorder and information address:
email: unitedandstrong@gbg.bg
http://unitedandstrong.hit.bg

ха,ха,ха...а плус со купувањето на оваа касета добивате и 1/2 литар осветена и крстена вода + благослов и бесплатен постер од папата!Не се заебавам

RASPAD SISTEMA-s/t cass.DHP/AK47.c/o Crnčićeva 36,1000 ZAGREB
...е главен град на.........?

6 чудно отсвирени и снимени песни од овој интересен бенд.Не ме фасцинираа нешто претерано,

но сепак во бендов тлее некој скриен жар(Не,бе...мајстор сум за вакви фрази).Не би било лошо да го споменам и тоа дека на неколку скопски HC фаци овој бенд им е закон.

KRVAVI MANDAT-s/t cass.DHPAK47
Mrazovićeva 12,Zagreb,HRvatsKA

Верувам дека доколку барем знаете колку се 2+2(Колку се?)тогаш го знаете и овој бенд.На оваа касета се сместени нивните први две дема.И покрај тоа што се работи за демо квалитетот на снимките е пристоен а омотот и буклетот се печатени.Валкано и ангажирано.Добитна комбинација МОРОЖУ!!!

YOUTH AGAINST-Uživo iz močvare cass.DHP/AK47.c/o A.B. Šimića 38,42 000Varaždin,Hrvatska

Ја гледам касетава...името на бендот,логото,насловите на првите неколку песни и си викам:"Супер,уште еден ангажиран sXe бенд".Но,кога ја забележав песната Гајба сфатив дека ептен се заебав.Инаку,ова е одличен бенд кој што свири HC со груб вокал.Димо,се заебавме за овие!Не се стрејтери брат!!!

N.N.Y.-Don`t happy,be worry-LP/cass.Manufracture records.manufracture@noiseweb.com

Бендов го гледате во живо тука(во Место),овој албум можете да го купите од мене на ЛП и касета...затоа и не ви објаснувам ништо посебно околу ова издание.Плус,во КАКА бр.5 можевте да прочитате и интервју со нив!!!Ееееeеј......!!Добро,добро...не плачете!Еве,ќе кажам и нешто повеќе.Овој бенд е микс од Канаѓанец,Французин и Швајцарка.Ова е нивни единствен албум.Музиката им е прилично динамична и интензивна+филувана со текстови со одличен хумор и анти конзумерска порака.За жал бендов се распадна!Слава им!!!

xNEVER SAY DIEx6,A5,4,eng.
xneversaydie_88x@hotmail.com

Одлична вест!Еве го и најновиот број на овој прекрасен сингапурски sXe њузлетер.Ато,човекот кој што го прави ова мрднато гомце пее во иште помрднатиот ИС бенд xSECRET 7x(Доколку сакате да ги слушнете слободно јавете се).Мислам дека секој sXe клинец во Скопје би требало да го има ова.Инаку се што треба да направите е да контактирате со Ато,затоа што овој њузлетер е сосем бесплатен.Затоа не жекајте sXe лидаци,туку навалете!

xSECRET 7x-promo CD-r
secret_seven7@hotmail.com

Да,да...тоа е истиот бенд кој што го споменав во минатата рецензија. Е ова е вистинско школо за аполитичните стрејтери. Три убиствени рафали кои што ќе ги убијат вашите предрасуди и кои што ќе ве заковаат пред вашите звучници!!!Во овој бенд членуваат и Бетмен,Супермен... ауууу целиот треперам од страв!

SOBER I,A5,I,eng,
sober@time.net.my

Ова е њузлетер на истоимената sXe "направи сам" издавачка етикета.Издаваат претежно азиски (Малезиски)бендови.Подржете ги момциве!Нека расте меѓународното братство и сестринство!!!

SAUDARA3/4,A4,50,eng.
saudarazine@hotmail.com

Ова истотака го добив од мојот сингапурски другар Ато,кој што е еден од уредниците на овој фанзин.Во описот на овој двоброј ќе ми помогнат два збора:Неверојатно добар!!!Истотака морам да забележам дека е пишуван на инзвонреден англиски.Покрај милијардите рецензии и милионите колумни можете да прочитате и интервјуа со:THE GET UP KIDS, FAIRFIGHT,AGATHOCLES,UP FRONT CONFIRMED KILL,ATOM AND HIS PACKAGE...а и морам да напоменам(што да правам кога тоа е посилно од мене,ха,ха...ха,ха,ха...)дека во овој фанзин преовладува стрејтерската струја. Суууууупееееееер!!!!!

THE MANGES-The Manges 'R good enough-CD-Stardumb records.

Време е за пеколен поп-панк, затоа што овој бенд е еден од најголемите европски бендови во својата бранша,иако ова е нивен прв албум.Меѓутоа,слушнете го па ќе видите зошто овој бенд е толку почитуван.Истотака пред овој албум бендот има издадено еден куп синглици низ целиот свет и има неколку турнеи(2 американски)позади себе. Интересно е и тоа што легендарните SCREECHING WEASEL имаат преработено песна од THE MANGES.Истотака и непресметливиот поп-панк манијак Joe Queer (Ако не сте слушнале за него слободно можете да извршите самоубиство)гостува на две песни

THE PEAWES-Dead end city-CD Stardumb records

Las Pezia pop-punk.Ете тоа го свират овие шизици кои што доаѓаат од најрокерскиот град во Европа.Ова е нивни трет албум на кој што има 12 добри песни. Мене не ми оставија некој посебен впечаток,меѓутоа не ме ни разочараа.

THE APPERS-s/t CD-Stardumb.

Еве ги и локалните шизици кои што после 5 годишно свирење и и издавање на многу EP-ја и 7" конечно се докопаа до големиот пластичен(и малиот сребреен)круг.Бендов е супер,меѓутоа не знам за кој кур еден од членовите се сликал со Lucky strike блузон.Селак!!!

v/a.EUROPEAN POPPUNK VIRUS-CD-Stardumb records.

Во животот немам слушнато попозитивна компилација.Во прашање е вистински вирус!!!28 парчиња од кои што сигурно ќе се заразите.Многу се израдував кога на компилацијава ги приметив моите омилени италијански маднни The PINK PANTHERS!!!

PROFANE EXISTENCE 39,A3,20,eng.
blackened@visi.com

После сите проблеми еве го конечно новиот P.E.Морам да признам дека со овие проблеми P.E. изгуби дел од својата сила,меѓутоа и ваков како што е сега фанзинов е повторно еден од најдобрите во светот.Покрај веќе вообичаените колумни,вести и извештаи од најразлични анархистички акции и случувања од целиот свет овој број содржи и интервјуа со: TRAGEDY,SHITLIST, HATE TO STATE...и е бесплатен. Единствено треба да си ја платите поштарината(која што убива)од 2 долари.

ANGELS NEVER ANSWER/DEADLOCK FREQUENCY-Split LP-Paco garden.

Angels never answer се метал бенд со интересна атмосфера и текстови.Морам да кажам дека се еден од ретките метал бендови кои што ги слушам,а тоа е веќе и комплимент...нели?!А за сите љубители на распаднатите THE MESSY HAIRS еве и една утешна вест DEADLOCK FREQUENCY се новиот бенд на Paco,пејачот на M.H.Бендот е тежок HC крш кој што не смее да се пропушти.Сите скејт фаци кои што се ангажирани вегетеријанци(ако воопшто има такви овде)ја добија својата посластица.Плочава го носи вистинскиот ентузијастички HC дух на 80-тите!МОРА ДА СЕ ИМА!!!

SINIAC-Figment of imagination/ Tiveriad sea-CDep-Lithium.

Сите ги знаете овие метал фаци. Момците направија добра финта со ова бесплатно ер.Секоја чест

THE PIVOT FOOTS-Using nature to destroy itself-CD-Long beach records/Skunk

Ептен одлепен дизајн,ептен одлепена музика...текстовите... дури и по малку филозофски.Бендов не е кој знае што ниту пак се нешто претерано активни,но поради некоја непозната причина овие мрднати панкери ми се ептен O.K.,знаете...тоа се оние ситуации кога се ви е добро.

TRIPLE WORD SCORE-The first in a long line of disasters-Long beach records/Skunk

Прилично интересно ска/панк трио.Момциве не се нешто претерано луди,но тоа што го отсвиреле на овој албум си го отсвиреле чесно.Црниот басист/пејач е прекрасно освежување во претерано белата калифорниска панк сцена.Би било фино да го исконтактирате овој бенд.Адресата побарајте ја некаде помеѓу страницииве со рецензии.Па не може се да ви носам на тацна!

DAS KLOWN-Antidote-CD-Long beach records/Skunk

Еве уште едни стари панкери.Тоа се приметува уште пред да го пуштите албумов.Само видете ја сликата од пејачот и се ќе ви стане многу појасно...да не претерам,меѓутоа мислам дека се ќе ви се разјасни.Ако и после слушањето на овој диск не ви стане се јасно,тогаш најдобро ќе ви биде да ги продадете вашите панк дискови/плочи/касети и со парите кои што ќе ги добиете да си купите осветени свеќи или пак да си платите едно бање од уплав.Да,мислам дека ова се супар идеи!!!

ЕВЕ,СТИГНАВТЕ И ДО КРАЈОТ НА ОВОЈ ФАНЗИН.БИДЕТЕ ПАМЕТНИ И ПИШЕТЕ НА НЕКОЈА ОД АДРЕСИВЕ!ВО НАЈЛОШ СЛУЧАЈ,БАРЕМ ПОТРУДЕТЕ СЕ ДА СЛУШНЕТЕ НЕШТО ОД МУЗИКАВА ШТО ЈА РЕЦЕНЗИРАВ.СЕ ДОДЕКА НЕ РАЗБЕРЕТЕ ДЕКА БЕЗ КОМУНИКАЦИЈА НЕМА ДА ИМА НИ ДОБРА СЦЕНА...НИКОГАШ НЕМА ДА МОЖЕТЕ ДА ГО ЖИВЕЕТЕ HC ЖИВОТОТ КОЈ ШТО ПОТАЈНО ГО ПОСАКУВАТЕ.ИСТОТАКА ДОКОЛКУ ИМАТЕ БЕНД,ФАНЗИН,ПИШУВАТЕ ПОЕЗИЈА,ЦРТАТЕ...ЌЕ МИ БИДЕ ЗАДОВОЛСТВО ВАШИОТ ТРУД ДА ГО ПРЕЗЕНТИРАМ ВО СТРАНИЦИТЕ НА КАКА!БИДЕЈЌИ ОВОЈ БРОЈ ГО ЗАПОЧНАВ СО ЧЕСТИТКИ И ПОЗДРАВИ ТАКА И ЌЕ ГО ЗАВРШАМ!ПОЗДРАВ ДО СЕМЕЈСТВОТО ГОРОВСКИ (ФРИДА,ЕДИТ,МАРТА,ВАНЧО,ТИМЧЕ).

ДАЛИ НОВАТА ГОДИНА ЗА ТЕБЕ ЌЕ БИДЕ СРЕЌНА?



# H A P P Y
# NEW YEAR!